# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД



| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | ОХРИД<br>07.11.2016 год.<br>БРОЈ 21 ГОДИНА 51 |
|---|---|



## С О Д Р Ж И Н А



| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2016 – 2018 за периодот од 01.07. - 30.09.2016 година. | 5 |
| 2. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.07. - 30.09.2016 година. | 19 |
| 3. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2016 година за периодот од 01.07. - 30.09. 2016 година. | 31 |
| 4. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за заштита на животната средина и природата за периодот од 01.01. - 30.09.2016 година. | 41 |
| 5. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за одржување на јавна чистота за периодот од 01.01. - 30.09.2016 година. | 44 |
| 6. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за 2016 година за периодот од 01.01. до 30.09.2016 година. | 48 |
| 7. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за спорт и рекреација за 2016 година за периодот од 01.07. - 30.09.2016 година. | 51 |
| 8. | Одлука за усвојување на Извештајот за работата на Секторот за образование, детска, социјална и здравствена заштита за периодот 01.07. – 30.09.2016 година. | 54 |
| 9. | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Секторот за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура за периодот 01.07. – 30.09.2016 година. | 63 |
| 10. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма други комунални услуги 2016 - 2018 година за периодот од | 68 |

| | | |
|---|---|---|
| | 01.01. до 30.09.2016 година. | |
| **11.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. до 30.09.2016 година. | **71** |
| **12.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за јавно осветлување 2016-2018 година за периодот од 01.01. до 30.09.2016 година. | **77** |
| **13.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај за 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. до 30.09.2016 година. | **78** |
| **14.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за изградба на системи за водоснабдување 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. до 30.09.2016 година. | **84** |
| **15.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. до 30.09.2016 година. | **87** |
| **16.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за изградба на сообраќајна сигнализација за 2016 – 2018 година за периодот од 01.01. до 30.09.2016 година. | **92** |
| **17.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за уредување на градежно земјиште за 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. до 30.09.2016 година. | **94** |
| **18.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2016 година за периодот 01.01. – 30.09.2016 година. | **103** |
| **19.** | Одлука за усвојување на Извештајот за остварување на Буџетот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 30.09.2016 година. | **108** |
| **20.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на развојната програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2016 - 2018 година. | **117** |
| **21.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2016 година. | **127** |
| **22.** | Одлука за усвојување на измените на програмата за заштита на животната средина и природата за 2016 година. | **129** |
| **23.** | Одлука за усвојување на измените на програмата за одржување на јавна чистота за 2016 година. | **131** |
| **24.** | Одлука за усвојување на измените на програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за 2016 година. | **140** |
| **25.** | Одлука за усвојување на измените на програмата за спорт и рекреација за 2016 година. | **148** |
| **26.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на развојната програма за активностите на општина Охрид во областа на образованието за 2016 – 2018 година. | **152** |

| | | |
|---|---|---|
| **27.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на развојната програма за детска заштита за 2016 - 2018 година. | **154** |
| **28.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на програмата за културни манифестации и творештво за 2016 година. | **156** |
| **29.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на развојната програма други комунални услуги за 2016 - 2018 година. | **171** |
| **30.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на развојната програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици 2016 - 2018 година. | **172** |
| **31.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на развојната програма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај за 2016 - 2018 година. | **174** |
| **32.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на развојната програма за изградба на сообраќајна сигнализација за 2016 – 2018 година. | **176** |
| **33.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на развојната програма за уредување на градежно земјиште за 2016 - 2018 година. | **177** |
| **34.** | Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на единицата на локална самоуправа општина Охрид за 2016 година. | **179** |
| **35.** | Одлука за донесување на Буџетскиот календар. | **225** |
| **36.** | Одлука за долгорочно домашно задолжување на општина Охрид во рамки на проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП 2). | **227** |
| **37.** | Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општините Струга, Центар Жупа, Вевчани, Дебрца, Дебар, Пласница, Кичево и Македонски Брод. | **228** |
| **38.** | Одлука за обезбедување на надоместок за експропријација на недвижност. | **230** |
| **39.** | Одлука за обезбедување на надоместок за експропријација на недвижност за изградба на катна гаража. | **231** |
| **40.** | Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување во општина Охрид за 2017 година. | **233** |
| **41.** | Одлука за поставување урбана опрема (детски игралишта – забава на отворено, покриени и непокриени шанкови) и времени објекти на подрачјето на општина Охрид. | **245** |
| **42.** | Заклучок за усвојување на иницијатива за отпочнување постапка за решавање на правниот статус на времени објекти – бараки. | **248** |
| **43.** | Одлука за дополнување на програмата за работа во обласга на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија. | **249** |
| **44.** | Одлука за утврдување нацрт деталèн урбанистички план за УЗ 11 УБ 11.2 – опфат 1 - Охрид, општина Охрид, плански период 2012 - 2017 година. | **250** |
| **45.** | Одлука за утврдување нацрт детален урбанистички план за ГП 1.15 во УЗ 4 дел од УБ 4.1 на Кп.бр.13889/3 КО Охрид 3, општина Охрид, плански период 2013 – 2018. | **252** |

| | | |
|---|---|---|
| **46.** | Одлука за утврдување нацрт детален урбанистички план за ГП 1 на Кп.бр.10426/1 во УЗ 10, дел од УБ 10.2 КО Охрид 2, општина Охрид, плански период 2015 – 2020. | **254** |
| **47.** | Одлука за утврдување нацрт детален урбанистички план за УЗ 3, дел од УБ 3.2 – опфат 2 Охрид, општина Охрид, плански период 2014 – 2019 | **255** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД 2016 – 2018 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. - 30.09.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2016 – 2018 за периодот од 01.07. - 30.09.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

**Број 09-16043/3**
**04.11.2016 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД 2016 - 2018 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. - 30.09.2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2016 - 2018 за периодот од 01.07. - 30.09.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16043/3**
**04.11.2016 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

**III Квартален извештај за реализација на**

- **ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.07.2016 – 30.09.2016 ГОДИНА**

Извештајот е изработен за периодот од три месеци и ги сумира активностите извршени од страна на администрацијата во Секторот за туризам и локален економски развој, во периодот од 01.07.2016 до 30.09.2016 год. за реализација на:

- ПРОГРАМАТА Г2 ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.07.2016 – 30.09. 2016 ГОДИНА

Во периодот 01.07.2016 – 30.09.2016 год. одделението за туризам ги вршеше активностите неопходни за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид:

1. **УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ**
2. **ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА**
3. **РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА**
4. **ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ**

Како резултати од реализацијата на програмата кои дадоа особен белег на работењето во овој период треба да се посочат:

- Процесот на евиденција, регистрација и категоризација на станоиздавачи од мал обем (вкупно регистрирани 2507 станоиздавачи) и процесот на продолжување на решението за категоризација на сместувачките капацитети од мал обем
- Организација и реализација на манифестацијата “БЕЛО ЛЕТО 2016”
- Организација на манифестацијата “Денови на Медот во Охрид”
- Ко-организација на фестивалот Ohrid Calling
- Организација на манифестацијата Ohrid Craft Expo
- Организација на Караванот “ЛЕТЕН ЏЕЗ ФЕСТИВАЛ“
- Организација и реализација на фестивалот на “ВИНО И СИРЕЊЕ 2016”
- Организација и реализација на манифестацијата “ОХРИДСКА СОФРА 2016”
- Организација на „ПРОМО ТУРА 2016“
- Промоција на туристичката понуда на општинската веб страница
- Промоција на Охрид во странски ТВ станици - емитувани репортажи за Охрид од екипи на телевизиска куќа TEK RUMELI, TGRT HABER и TRT TURK – Р. Турција
- Субвенционирање на Туристичката Такса на вршителите на угостителска дејност од мал обем
- Подготвителни активности за поставување на туристички инфо центар
- Подготвителни активности за поставување на јавни тоалети
- Печатење на промотивен материјал за град Охрид
- Подготвителни активности за поставување на информативни табли, патокази, сити лајт паноа
- Спроведување на анкетни листови за состојбата на туризмот и угостителството во Охрид на домашни и странски гости.
- Достава на промотивен материјал на меѓународните туристички берзи и саеми
    - Германија, Келн (05-07.07.2016)
    - Јапонија, Токио (22-25.09.2016
    - Франција, Париз (20-23.09.2016)

**<u>Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1</u>**

**АНЕКС 1**

I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2016 година

**1.1. УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ**
**1.2. ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА**
**1.3. РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА**
**1.4. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ**

II. Информација за наплата на таксата за привремен престој

III. Извештај за туристички промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2016 год. во однос на 2015 год.), според записници од Општински Инспекторат.

**I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за периодот 01.07. до 30.09.2016 год.**

**1. УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1. Изработка на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид - активни мерки за подобрување на конкурентноста и услугите во туристичко – угостителскиот сектор** | | | | | |
| **1** | Јули-Септември 2016 | Подготовка на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид | Активностите за подготовка на Стратегијата за развој на туримот на општина Охрид се реализирани во рамки на ИМЕ Програмата имплементирана од Swiss Contact и општина Охрид како главен координатор на активностите | Од страна на изработувачот е добиена последната драфт верзија на предлог стратегијата за која се доставени забешеки од страна на Одделението за туризам кои треба да бидат инкорпорирани во финалната верзија | Не се потрошени финансиски средства |
| **1.2. Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид** | | | | | |
| **1** | Јули-Септември 2016 | Континуиран процес на извршување категоризација и регистрација на станоиздавачи од мал обем | Активностите опфаќаат излегување на терен на Комисиите по однапред поднесено барање од страна на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем и изведување на процесот на категоризација на објектите. | Регистрирани вкупно 2507 станоиздавачи од мал обем | Не се потрошени финансиски средства |
| **2** | Јули - Септември 2016 | Континуиран процес на продолжување на решенијата за категоризација на станоиздавачи од мал обем | За таа цел подготвена е документација: изготвување постапка, барање за продолжување на категоризацијата и праќање известување на станоиздавачите на кои им поминал рокот на решението од 3 години. | Во овај квартален период продолжени се 138 решение за категоризација | Не се потрошени финансиски средства |
| **1.3. Субвенционирање на приватните станоиздавачи од мал обем** | | | | | |
| **1** | Јули - Септември 2016 | Субвенционирање на Туристичката такса на вршителите на угостителска | По објавениот јавен повик за субвенционирање на Таксата за привремен престој за првото | Финансиска поддршка, но и поттикнување на приватните станоиздавачи да ја пријавуваат и | Во овој квартал не се исплатени средства по оваа |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | дејност од мал обем | шестмесечие од 2016 год. беа поднесени 22 барања и за истите беше извршен увид на документацијата и изготвени записници и решенија за исплата. | исплаќаат таксата за привремен престој што би допринело до зголемена наплата и подобра евиденција на гостите кои престојуваат во Охрид. | активност. Исплатата за првото шестмесечие на 2016 ќе биде реализирана во наредниот период. Вкупно во 2016 се исплатени 418.885,00 МКД за субвенции од 2015. |
| **1.4 Субвенционирање на авио превозници** | | | | | |
| **1** | Јули-Септември 2016 | Субвенционирање на авио превозници (втора година од Договорот за субвенционирање на авио превозници - авио линија Охрид -Лутон – Охрид, со Авиокомпанија Визер. | Согласно развојната Програма за Туризам 2015-2018 отварена е нова директна авио линии на релација Охрид - Лутон – Охрид. Целта е зголемување на бројот на туристи од Велика Британија. | Зголемен е бројот на туристи кои доаѓаат со новововедените линија. По извршените анализи од страна на одделението за туризам констатирано е дека на релацијата Охрид - Лутон – Охрид за периодот од Април до Септември пристигнале 7679 патници. Воедно оваа авио линија, согласно договорот, ќе функционира до крај на годината. | Во овој квартал исплатени се 3.090.029 МКД согласно договорот за услуги реализирани во 2015. Вкупно во 2016 заклучно со 30.09. исплатени се 6.190.204 МКD согласно договорот за услуги реализирани во 2015. |

**2. ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1 Туристичка промоција на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми.** | | | | | |
| **1** | Јули-Септември 2016 | Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски електронски и печатени медиуми | Емитувани репортажи за Охрид во ТВ куќи од Р. Турција како во TEK RUMELI, TGRT HABER и TRT TURK | Објавени репортажи за Охрид во турските ТВ куќи TEK RUMELI, TGRT HABER и TRT TURK. Промовирана туристичката понуда и туристичкиот потенцијал на град. Целта е приближување на туристичкиот потенцијал на Охрид до граѓаните во земјите каде што се емитуваат. | Не се потрошени финансиски средства |
| **2.2 Организација на “промо – тура 2016“** | | | | | |
| **1** | Септември 2016 | Организација на промо тура Охрид 2016 | Согласно програмата за развој и унапредување на туризмот и угостителството, секторот за ТЛЕР во заедничка соработка со туристичките субјекти од Охрид организирана беше ПРОМО ТУРА ОХРИД 2016. Посетени беа културно-историските знаменитости на Охрид, природните убавини и акцент беше ставено на алтернативните форми на туризам. | Промотивната тура опфати престој на претставници на туроператори од Белгија, кои престојуваа во Охрид, при што се запознаа со туристичкиот потенцијал на градот и околината. Целта беше да се дефинираат и креираат нови пакет аранжмани за Охрид и воедно да се направат поголем број на промотивни репортажи за градот и околината. | Не се потрошени финансиски средства. Исплатата ќе се реализира во 4 квартал. |
| **2.3. Меѓународна промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Јули - Септември 2016 | Меѓународни туристички саеми и берзи | Во зедничка организација со Агенцијата за промоција и поддршка на Туризамот на РМ и општина Охрид испратен е промотивен материјал за промоција на град Охрид на меѓународните туристички саеми во Германија – Келн (05-07.07.2016) Јапонија – Токио (22-25.09.2016) и Франција – Париз (20 – 23.09.2016). Оваа активност опфаќа промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид во таргетирани странски земји кои по извршени анализи се покажале како потенцијални туристичко-емитивни подрачја. | Преку агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на РМ испратени се промотивни материјали како туристички водичи на град Охрид, фотоброшури, постери, брошура на манифестации и др. вид на промотивен материјал се со цел промоција на Охрид во меѓународните туристички саеми во Германија, Јапонија и Париз. | За активностите реализирани во овој квартал не се потрошени финансиски средства. |
| **2.4 Организација на манифестации и поддршка на различни активности и настани поврзани со промоција на туристичките производи** | | | | | |
| 1 | Август 2016 | Манифестација Денови на Медот во Охрид | Во соработка со здружението на Пчелари Охрид, од 5 до 8 Август, на 5 штандови на плоштадот Крушевска Република се одржа манифестацијата “Денови на Медот” на кој се изврши промоција на рурални производи од Охридскиот регион односно Мед и производи од мед. Посетителите имаа можност да вршат и дегустација на производите. | Во соработка на секторот за ТЛЕР и здружението на медари пред многубројните странски и домашни туристи беше промовиран природниот мед од Охридскиот регион. | Не се потрошени финансиски средства |
| 2 | Август 2016 | Манифестација Ohrid Craft Expo 2016 | Манифестацијата се одржа од 19 до 21 август, на плоштадот „Крушевска Република“. Целта на оваа манифестација беше промовирање на занаетчиството и занаетчиите, односно нивните производи и услуги, доближување на занаетчиството до младите луѓе до граѓаните и до институциите, поттикнување на континуирана кампања за промоција на занаетчиството како фактор за | На 9 штандови беше промовирана широката палета на производи (сувенири, бакрорез, книговез, накит) создадени од вештите раце на занаетчиите и воспоставување поинтензивна соработка во делот на зголемување на мерките за поддршка на занаетчиството кое нуди | Не се потрошени финансиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | економски развој за зачувување на традицијата и културата на нашата земја. | перспектива за вработување на младите. | |
| **3** | Август 2016 | Фестивал на Вино и Сирење 2016 | На 26 и 27 Август на плоштадот „Крушевска Република“ се одржа манифестацијата “ВИНО И СИРЕЊЕ” преку која се изврши промоција на руралните производи –разни видови на сирења и квалитетни сортни вина на производители од Македонија. На манифестацијата учество зедоа 14 излагачи, производители на мед и винарии. Фестивалот беше збогатен со настап на културно уметнички друштва, ДЏ-и и ансамблот „Билјана Јуниор“. | На манифестацијата присуствуваа голем број на домашни и странски гости пред кои беа промовирани разни видови на сирења и вина, со што се промовираше туристичката понуда и традиционалното сирење и вино, како дел од охридските туристички производи. | Не се потрошени финансиски средства. Исплатата ќе се реализира во 4 квартал. |
| **4** | Август 2016 | ЛЕТЕН ЏЕЗ КАРАВАН | Министерството за култура во соработка со општините, оваа година по 9 пат ја организира манифестацијата „Топол културен бран“. Како резултат на заложбите на општина Охрид за поголемо учество во културните настани и афирмација на Охрид како културен туристички центар во рамки на Манифестацијата, Секторот ТЛЕР при општина Охрид аплицираше со проектот „Летен џез караван“, кој беше одобрен. | Според програмата, на 22.08.2016 во Барот „Куба Либре“ настапија Симон Киселички трио и Sethstat, а на 23.08.2016 свој настап имаа Kabadayas и Гоце Стефкоски квинтет. Ваквите активности ја збогатуваат културната понуда на градот во летниот период, а истовремено придонесоа за надградба и културен континуитет со секојдневни настани и | Не се потрошени финансиски средства. Исплатата ќе се реализира во 4 квартал. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | промоции на туристичката понуда на градот. | |
| **5** | Август 2016 | Фестивал Ohrid Calling 2016 | За прв пат во заедничка соработка со АВАЛОН продукција, се со цел збогатување на туристичката понуда на Охрид, беше организиран првиот фестивал Ohrid Calling. Во рамките на овој фестивал во август во Охрид настапија Nicky Romero, Lost Frequencies, Al Di Meola и Prodigy. | Со организацијата на овој фестивал, Охрид се најде на мапата на најголемите фестивалски градови во Европа. Со тоа се направи збогатување на туристичката понуда на Охрид, а самиот фестивал беше одлична можност за привлекување на голем број  на домашни и странски туристи. Фестивалот е планирано да се одржува традиционално секоја година. | Не се потрошени финансиски средства |
| **6** | Септември 2016 | Манифестација Охридска Софра | На 03.09.2016г во с. Скребатно, трабиционално се одржа манифестацијата ОХРИДСКА СОФРА, чија цел е промоција на традиционална храна и пијалоци, како и други форми на традиционални и културни вредности од Охридскиот крај. Во склоп на манифестацијата беше извршена промоција на подготвените ѓомлезина и друготе видови на традиционална храна, специјалитетите од готвачи од охридските ресторани и хотели, како и традиционалните охридски јадења приготвени од учениците од средното угостителско училиште Ванчо Питошески. Манифестацијата беше збогатена со настап на етно групата “НИЗАЛКА”. | Промовирани Охридски тадиционални јадења и пијлоци пред голем број на гости од државата и странство. Во натпреварувачкиот дел учество зедоа 12 учесници од кои тричлената комисија ги избра најдобрите и им додели награди во вкупен износ од 20 000ден. Манифестацијата беше медиумски покриена од голем број на локални и национални телевизии, како и интернет портали. | Не се потрошени финансиски средства. Исплатата ќе се реализира во 4 квартал. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **7** | Јули-Септември 2016 | Избор на сувенир на град Охрид | На 13.06.2016 беше објавен јавен повик за избор на сувенир на град Охрид. Целта на оваа активност е креирање на препознатлив и автентичен сувенир за Охрид. | До крајниот рок во месец јули беа пријавени беа 5 идејни решенија за кои комисијата за избор изготви заклучок во кој ниту еден од нив не ги исполни критериумите зададени во конкурсот. | Не се потрошени финансиски средства |
| **2.5 Организација на “БЕЛО ЛЕТО 2016“** | | | | | |
| **1** | Јули 2016 | Организација и реализација на манифестацијата Бело Лето 2016 | Манифестацијата Бело Лето 2016 се одржа на 01 Јули, вклучувајки настапи на Владимир Четкар секстет во предворјето на врквата Св Софија, настап на ДЈ на плоштадот кај Долна Порта, перформанс на перкусионистичка група KARANOS од Воден, Р. Грција, како и настапи на жонглери и аниматори на повеќе локации во градот. Со оваа манифестација официјално беше отворена туристичката сезона во Охрид. Манифестацијата „Бела Ноќ“ вклучуваше работа на угостителските објекти, без ограничување, цела ноќ. | Оваа манифестација го означува почетокот на летната туристичка сезона во град Охрид. Присутни беа голем број на туристи и посетители од Македонија и странство. Преку овој настан се збогатува туристичката понуда на градот а и се овозможува потесна соработка со угостителскиот сектор. | Потрошени финансиски средства во износ од 261.800,00 МКД |
| **2.6 Изготвување на печатен и електронски промотивен материјал за Охрид** | | | | | |
| **1** | Јули-септември 2016 | Печатење на промотивни материјали по разни сегменти како Фотобошура, Водич на град Охрид, Брошура за активен туризам, Ќеси, Постери, Флаери итн | Изготвување на печатен и електронски промотивен материјал за одделни сегменти на туристичката понуда на Охрид. Во рамки на истата предвидено е изработка на нов и репринт на постоечкиот промотивен материјал, како и изработка на нов промотивен видео материјал за Охрид | Потпишан договор за печатење на промотивен материјал за град Охрид. Испечатени промотивни материјали за Охрид (Туристички водич, фотоброшура, фотоброшура за алтернативен и активен туризам, промотивни флаери, мапи, разгледници) | Во периодот од јануари заклучно со септември 2016 исплатени се 227.088 МКД. |
| **3.1 Туристички информативни центри** | | | | | |
| **1** | Јули-септември | Поставување на туристички информативен | Во рамки на проектот WATERNET предвидено е изработка и | Во овој период се изработуваше туристичкиот | Не се потрошени финансиски |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | центар | поставување на модерен туристички информативен центар во строгиот центар на Охрид со цел давање на информации на туристите и посредување при сместување на гости. | инфо центар кој ќе биде поставен пред поштата во Охрид. Комплетирана потребната документација и инфраструктурните работи (пуштени вода, канализиција, струја) | средства |
| **3.2 Обележување (сигнализација) на туристичките места** | | | | | |
| **1** | Јули-Септември 2016 | Сигнализација на туристички места | Во соработка со секторот за туризам и угостителство при министерството за економија предивено е да се постават информативни табли, градски табли, патокази, се со цел добивање на детални информации за туристичките локалитети. | Целта е подобрување на пристапот и доаѓањето до туристичките, културните, историските и природните места. Предвидено е давање на информации за атрактивни локации на територијата на општина Охрид. Поставувањето е планирано за наредниот квартал. | Не се потрошени финансиски средства |
| **3.3 Поставувањње на јавни тоалети** | | | | | |
| **1** | Јули-Септември 2016 | Поставување на два јавни тоалети во Охрид | Во рамки на програмата за 2016 на ЈЗПР за Општина Охрид се предвидени набавка и поставување на два јавни тоалети. Локациите за поставување се на плоштадот до Амамот и на паркингот кај Горна Порта | Подготвена е техничката спецификација од страна на ЈЗПР. Распишан е тендер за поставување на јавните тоалети. Избрани се набавувачите, комплетирана потребната документација. Во тек е издавање на дозвола за поставување. | Не се потрошени финансиски средства |
| **3.4. Презентација на сместувачките капацитети / развој на информативен систем** | | | | | |
| **1** | Јули-Септември 2016 | Ажурирање и дополнување на потадоци на чинителите на угостителско-туристичките субјекти за промотивни цели | Бесплатно рекламирање на сите угостителско - туристичките субјекти од Охрид на веб страната www.ipult.info | Промоција на туристичките потенцијали на Охрид и охридскиот регион | Не се потрошени финансиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2** | Јули-Септември 2016 | Пополнување на база на податоци на вршители на угостителска дејност од мал обем | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем | Прегледност на регистрирани станоиздавачи и изнаоѓање на нерегистрирани станоиздавачи | Не се потрошени финансиски средства |
| **3** | Јули-Септември 2016 | Пополнување на база на податоци на вршители на туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Прегледност на регистрирани туристички водичи и агенции и изнаоѓање на диви туристички водичи и туристички агенции | Не се потрошени финансиски средства |

**II. Информација за наплата на таксата за привремен престој**

Според податоците од одделението за финансии и буџет, целокупната наплата на ТПП за периодот **од 01.07.2016 до 30.09.2016** година е следна :

**Приход од такса за привремен престој по месеци (добиени податоци заклучно со месец септември)**

| | **ВКУПНО** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.Бр** | **Месец** | **Хотели** | **Приватни станоиздавачи** | **Вкупно** |
| **1** | **Јануари** | 211.804 | 107.808 | 319.612 |
| **2** | **Февруари** | 195.216 | 63.200 | 258.416 |
| **3** | **Март** | 200.824 | 77.808 | 278.632 |
| **4** | **Април** | 158.016 | 41.776 | 199.792 |
| **5** | **Мај** | 785.896 | 47.136 | 833.032 |
| **6** | **Јуни** | 2.122.736 | 90.816 | 2.213.552 |
| **7** | **Јули** | 1.850.190 | 384.560 | 2.234.750 |
| **8** | **Август** | 2.463.856 | 565.216 | 3.029.072 |
| **9** | **Септември** | 2.721.816 | 548.112 | 3.269.928 |
| **10** | **Октомври** | | | |
| **11** | **Ноември** | | | |
| **12** | **Декември** | | | |
| | **ВКУПНО** | 10.710.354 | 1.926.432 | 12.636.786 |

**Во периодот од 01.01.2016 до 30.09.20156 година, согласно податоците од одделението за финансии и буџет од такса за привремен престој собрани се вкупно 12.636.786,00 денари.**

**Споредба Јануари - Септември**

**За споредба, во 2015 година за истиот период од такса за привремен престој од основни сместувачки капацитети и од сместувачки капацитети од мал обем се собрани вкупно 11.735.536,00 денари при што може да се забележи дека наплатата за 2016 година е зголемена за 8 % во споредба со наплатата по наведениот основ во истиот период во 2015 година.**

**III. Извештај за туристичкиот промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2016 год. во однос на 2015 год.)**

| | | |
|---|---|---|
| | **РЕГИОН НА ОПШТИНА ОХРИД - ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ (НОЌЕВАЊА)** | |

| Р.Б | Месец | Дом. Noќевања | | Однос % | Стр. Ноќевања | | Однос% | Вкупно Ноќевања | | Однос % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2015 | 2016 | 2016/15 | 2015 | 2016 | 2016/15 | 2015 | 2016 | 2016/15 |
| 1 | јануари | 1780 | 2575 | 144.7 | 3671 | 5139 | 140.0 | 5451 | 7714 | 141.5 |
| 2 | февруари | 2377 | 2875 | 121.0 | 3195 | 3589 | 112.3 | 5572 | 6464 | 116.0 |
| 3 | март | 3030 | 3009 | 99.3 | 6529 | 7027 | 107.6 | 9559 | 10036 | 105.0 |
| 4 | април | 5588 | 7763 | 138.9 | 14915 | 16158 | 108.3 | 20503 | 23921 | 116.7 |
| 5 | мај | 13448 | 17410 | 129.5 | 40315 | 36940 | 91.6 | 53763 | 54350 | 101.1 |
| 6 | јуни | 17996 | 19641 | 109.1 | 47349 | 43373 | 91.6 | 65345 | 63014 | 96.4 |
| 7 | јули | 29843 | 37518 | 125.7 | 59157 | 58666 | 99.2 | 89000 | 96184 | 108.1 |
| 8 | август | 40219 | 34126 | 84.9 | 72036 | 56905 | 79.0 | 112255 | 91031 | 81.1 |
| 9 | септември | | | | | | | | | |
| 10 | октомври | | | | | | | | | |
| 11 | ноември | | | | | | | | | |
| 12 | декември | | | | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | 114281 | 124917 | 109.3% | 247167 | 227797 | 92.2% | 361448 | 352714 | 97.6% |

**Согласно податоците од Општинскиот инспекторат, бројот на ноќевањата од основни објекти во 2016 година (Јануари - Август ) во однос на 2015 година (Јануари - Август), е намален за 2,4 % и тоа : кај домашните ноќевања има зголемување за 9,3 % , а за странските има намалување за 7,8 %.**

**Број 08-16043/3-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. - 30.09.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.07. - 30.09.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

**Број 09-16043/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. - 30.09.2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.07. - 30.09.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16043/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

**Трет квартален извештај за реализација на програмата за поддршка на локалниот економски развој за период 01.07.2016 – 30.09.2016 година.**

Во текот на третиот квартал од 2016 година одделението за ЛЕР ги вршеше задачите кои произлегуваат од Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Охрид за 2016 година.

Општина Охрид оваа Програма ја реализира преку Секторот за ТЛЕР и Одделението за локален економски развој, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, од стратегијата за одржлив локален економски развој.

Активностите за реализација на Годишната Програма за 2016 се реализираат во следните Подпрограми или области на делување:

1. Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата.
2. Зајакнување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатија.
3. Одржлив локален развој и рационална употреба на ресурси.
4. Подготовка на проекти и проектно управување.
5. Други оперативни расходи и договорни услуги.

**Посебен акцент во периодот на третиот квартал од 2016 година во работењето на одделението за локален економски развој беше даден на следните активности:**

- Евалуација на проектни апликации од страна на урбани и месни заедници, како и од невладини организации во рамки на објавениот јавен повик.

- Имплементација на проект за Изработка на план за интегрирана заштита на старо градско јадро во партнерство со Долна Нормандија, Франција.
- Имплементација на проектот финансиран од UNDP во рамките на програмата за Општинско корисна работа
- Имплементација на проект WATER.NET во соработка со Факултетот за туризам и угостителство Охрид и во партнерство со Воден, Р. Грција добиен од програмата на ИПА за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција.
- Имплементација на проект „LAKtive Tourism” во соработка со конзоциум на градови со езера.
- Имплементација на проект SUPPORT CROSS BORDER UNTERPRENEURSHIP / TRANSNATIONAL BUSINESS CONSULTANT SCBE / TBC во соработка со НВО Центар за климатски промени и во пратнерство со Р. Грција добиен од програмата на ИПА за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција
- Реализација на серија стручни обуки за невработени лица, како и обуки за преквалификација и доквалификација во соработка со соодветни институции и работодавачи, со цел стимулирање на социјалната интеграција на невработените и подобрување на нивните квалификации за идно вработување.
- Активности и задачи за олеснување на пристапот кон вработувањето за граѓаните на Општина Охрид преку одржување на веб портал на страницата на Општина Охрид www.ohrid.gov.mk
- Изготвување на проектен предлог за аплицирање на тековен повик од страна на УНЕСКО финансиран од Фондовите за Светско наследство односно од буџетот за Меѓународна помош во 2017 год.
- Имплементација на Проект „Опремување на кабинет по биологија” ОУ Григор Прличев, финансиран од Амбасада на СР Германија во Република Македонија.

<u>Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1</u>

**АНЕКС 1**

**1. Реализација на програмата за подршка на локалниот економски развој за период 01.07.2016 – 30.09.2016 год.**

**1. Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на Заедницата.**

1.1. Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно Стратегијата за одржлив развој и Стратегијата за Рурален развој на општина Охрид

1.2. Имплементација на активности од Стратегија за рурален развој 2014-2018 година

**2. Зајакнување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатија.**

2.1. Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки како модел за поддршка на развојот на МСП и претприемништвото

2.2. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд

2.3. Промоција на можностите за инвестирање во општина Охрид

2.4. Меѓународни партнерства

2.5. Денови на дијаспората

2.6. Одржување на редовни состаноци на Општински економски совет- “ Совет на градски татковци “

**3. Одржлив локален развој и рационална употреба на ресурси**

3.1. Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија.

3.2.Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од ИПАРД програмата како и за средствата од Агенцијата за рурален развој
3.3.Советувања и обука на производителите за производство на органска храна
3.4.Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците

**4. Подготовка на проекти и проектно управување**
4.1.Подготовка на проекти и проектно управување
4.2.Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти
4.3.Средства од аплицирани и одобрени проекти

**5. Други оперативни расходи и договорни услуги.**
5.1. Договорни обврски
5.2. Други оперативни расходи

**1.Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1 Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно Стратегијата за одржлив развој и Стратегијата за Рурален развој на Општина Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јули-Септември 2016 година | Извршена е евалуација според однапред одредени критериуми на пристигнатите апликации поднесени од страна на урбани и месни заедници, како и невладини организации според објавениот повик за финансирање на микропроекти. | Целокупната постапка започна со подготвување на јавниот повик за поднесување на проектни апликации, избор на Комисија за евалуација на поднесени апликации, како и критериуми врз основа на кои се врши избор. Целта на оваа проектна активност е финансирање на проекти од јавен интерес во насока на поддршка на локалниот економски развој. | Подготвена е комплетната документација за јавниот повик кој е објавен на 07.04.2016 година. Од страна на назначена Комисија за евалуација спроведена е евалуација за административна и техничка соодветност на вкупно 12 пристигнати апликации. Избрани се 6 проекти за кофинансирање. Потпишувањето на договорите и имплементацијата на проектитие е предвидена во 4 квартал. | Не се потрошени финансиски средства. |
| **1.2 Имплементација на активности од Стратегија за рурален развој 2014-2018 година** | | | | | |
| **1.** | Јули-Септември 2016 година | Одобрен предлог проект од страна на Бирото за регионален развој по однос на јавниот повик за проектни апликации за развој на селата. | Одобрениот проект е за неопходна санација на дренажниот систем и тоалетите во ОУ „Кочо Рацин“ во село Долно Лакочереј. Главните активности на овој проект се поставување на соодветен дренажен систем, целосно реконструирање на тоалетите и поставување на врати во училници и кабинети во ОУ „Кочо Рацин“ во село Долно Лакочереј. | Крајните корисници, учениците во ОУ „Кочо Рацин“ во с. Долно Лакочереј како резултат на овој прокет добиваат нов дренажен систем во основното училиште, нови тоалети и врати во училниците и кабинетите.<br>Избрани се економски оператори за поставување на соодветен дренажен систем, целосно реконструирање на тоалетите и поставување на врати во училници и кабинети<br>Вкупниот буџет изнесува 596.954,00 ден. / 9725,00 еур.<br><br>Барани средства од БРР - 298.477,00 ден. | Не се потрошени буџетски средства. Исплатата на средства ќе биде по завршување на активностите. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Сопствено учество – 298.477,00 ден. | |

**2. Зајакнување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатијата**

| Бр | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.2. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд** | | | | | |
| **1.** | Јули-Септември 2016 година | Активности и задачи за олеснување на пристапот кон вработувањето за граѓаните на општина Охрид преку одржување на веб портал на страницата на општина Охрид www.ohrid.gov.mk. | Преку посебен линк на веб порталот на општина Охрид, се поставуваат сите тековни огласи за вработување на територијата на општина Охрид, со што се овозможува полесен пристап на сите заинтересирани невработени лица до информации за слободни места за вработување. | Податоците се ажурираат еднаш неделно со нови огласи кои се тековно активни | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| **2.** | Јули-Септември 2016 година | Согласно годишната програма на Секторот за ТЛЕР за 2016 година предвидено е реализација на серија стручни обуки за невработени лица, како и обуки за преквалификација и доквалификација во соработка со соодветни институции и работодавачи, со цел стимулирање на социјалната интеграција на невработените и подобрување на | Конкурсот за пријавување на кандидати за бесплатни курсеви за основни познавања од електро струка и основни познавања од машинска струка за невработени лица од Општина Охрид беше објавен на 18 Мај 2016. На конкурсот се пријавија 20 лица од кои: 10 лица за основни познавања од машинска струка и 10 лица за основни познавања од електро струка. | Извршен е избор на корисници на бесплатни курсеви за основни познавања од електро струка. Обуките  за основни познавања од двете струка за 20 лица се завршени и спроведени од Општинската јавна установа Кузман Шапкарев во месеците Јули и Август 2016 г. | Предвидени се 120.000 денари. Исплатата ќе биде реализирана во 4 квартал. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | нивните квалификации за идно вработување. | | | |

**2.4. Меѓународни партнерства**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Јули-Септември 2016 година | Имплементација на проект за Изработка на план за интегрирана заштита на старо градско јадро во партнерство со Долна Нормандија, Франција. | Носител на проектот е општина Охрид во соработка и партнерство со општина Каен, Долна Нормандија и НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид.<br>Со изработка на планот за интегрирана заштита на Старото градско јадро се овозможи мапирање и утврдување на валоризирани и ревалоризирани објекти на недвижно културно наследство, мапирање и утврдување на состојбата на одделни делови или градби во состав на споменична целина, развој на локални планови за планирање на урбаниот развој, промовирање на потенцијалот за развој на културниот туризам, како и зголемување на значењето на јавната свест за културното наследство на Охрид. | Проектот е имплементиран. Изработена е Студија за интегрирана заштита на Старото градско јадро (предлог план) и Маркетинг стратегија за достигнување одрживост на старо градско јадро на Охрид.<br>Поставени се две градски мапи во градот и две паноа на влезовите на Охрид и извршена е набавка на промотивен материјал и организиран е завршен настан на кој беа промовирани резултатите од проектот.<br>Поднесен е финансиски и наративен извештај за реализација на проектот и истиот е одобрен од донаторот се очекува трансфер на другата половина од средствата за завршување на проектот. | Првата транша од донацијата во висина од 273.625,00 денари е исплатена пред 3 квартал.<br>Се очекува втората транша од исплатата од страна на донаторот со што би се заокружила реализацијата на проектот. |
Вонградското зеленило со вкупна површина за одржување го опфаќа локалитетот „Кале“ со површина од 340.000 $m^2$. За адекватна заштита и одржување на овие површини потребно е нивно редовно чистење, косење на тревата, проредување на шумата со чистење на сувите дрва, засадување на нови и сл.

***ИНТЕНЗИТЕТ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2016 ГОДИНА***

| *Вид на операција* | *Квалификација* | *Единица мера* | *Количина* | *Број пати* | *Вкупна количина* |
|---|---|---|---|---|---|
| Маш.косење трева | КВ | $m^2$ | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -паркови<br>-Бул.„Туристичка“<br>-ул.„Ј.Санд.“ и „7-ми Ноем.“<br>-парк Рача<br>-круж.текБул.„Турист“и „АСНОМ“ | | | 49.465<br>13.340<br>6.360<br>3.500<br>314 | 14<br>9<br>5<br>8<br>9 | 692.510<br>120.060<br>31.800<br>14.000<br>2.826 |
| Собир.трева по маш.косење со изнес. | ОР | $m^2$ | 40.365 | 4 | 161.460 |
| Полив.трева, дрва и гр. | КВ | $m^2$ | 40.365 | 2 | 80.730 |
| Чистење трева од лист со изнесување | ОР | $m^2$ | 38.000 | 2 | 76.000 |
| Сад.цвет.површ.со опер.ѓубр.и расад. | КВ | бр. | 15.000 | 2 | 30.000 |
| Прашење и полев.цезон цвеќе | КВ | бр. | 15.000 | 2 | 30.000 |
| Кроење-режење грмуш. | КВ | бр. | 9.300 | 1 | 9.3000 |
| Кроење режење тренд. | КВ | бр. | 700 | 2 | 1.400 |
| Собир.харт.и отпадоци | ОР | дена | 365 | 1 | 365 |

**I – Изведени активности за период од 01.01. до 30.09.2016 година**

Согласно календарот за работа во изминатиот период се извршени следните активности по месеци

Месец јули:

- Машинско косење трева во градски парк ( 3 пати ). . . . 49.465 $м^2$
- Машинско косење трева на Бул.„Туристичка“ ( 2 пати). . .13.340 $м^2$
- Машинско косење трева на ул.„Ј.Сандански“ и ул.„7-мо Ноември“ ( еднаш). . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6.360 $м^2$
  Машинско косење трева нас.Рача ( еднаш) . . . . . . . . . . . . 3.500 $м^2$
- Машинско косење трева на кружен тек Бул.„Туристичка“ и ул.„АСНОМ“( 2 пати) . . . . . . . . . . . . 314 $м^2$
- Поливање трева,дрва и грмушки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 40.365 $м^2$
- Прашење и поливање на сезонски цвеќе . . . . . . . . . . . . . . 15.000 бр.
- Кроење – режење на грмушки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3.000 бр.
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото . . . . . . . . . 30 дена
- Машинско косење трева со грбна косачка, чистење на трња и грмушки на ул.„АСНОМ“, ул.„Марко Цепенков“, ул.„Егејска“, ул.„Железничка“, ул.„Гоце Делчев“, ул.„Сирма Војвода“, ул.„15- ти Корпус“, нас.Варош, нас.Христо Узунов, нас.Св.Стефан, дворно место на општина Охрид, сообраќајна клучка и од канал на Билјанини Извори.

Месец август:

- Машинско косење трева во градски парк ( 2 пати ). . . . 49.465 $м^2$

- Машинско косење трева на Бул.„Туристичка“( 2 пати) . . .13.340 $м^2$
- Машинско косење трева на ул.„Ј.Сандански“ и ул.„7-мо Ноември“ ( еднаш ) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6.360 $м^2$
- Машинско косење трева нас.Рача ( еднаш) . . . . . . . . . . . . 3.500 $м^2$
- Машинско косење трева на кружен тек Бул.„Туристичка“ и ул.„АСНОМ“( 2 пати ). . . . . . . . . . . . 314 $м^2$
- Поливање трева, дрва и грмушки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .40.365 $м^2$
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото . . . . . . . . . 31 ден
- Машинско косење трева со грбна косачка, чистење на трња и грмушки на ул.„Гоце Делчев“, ул.„Сирма Војвода“, ул.„15- ти Корпус“, ул.„Галичица“, ул.„Никола Карев“, нас.Даљан, нас.Варош, нас.Гоце Делчев, нас.Рача, нас.Лагадин с.Трпејца, с.Лакочереј, с.Лескоец, с.Велгошти, дворно место на општина Охрид, сообраќајна клучка и од канал на Билјанини Извори до х.Парк.

Месец септември:

- Машинско косење трева во градски парк ( еднаш ). . . . 49.465 $м^2$
- Машинско косење трева на Бул.„Туристичка“ ( еднаш ). . .13.340 $м^2$
- Машинско косење трева парк Рача ( еднаш). . . . . . . . . . . . 3.500 $м^2$
- Машинско косење трева на кружен тек Бул.„Туристичка“ и ул.„АСНОМ“ ( еднаш ). . . . . . . . . . . . 314 $м^2$
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото . . . . . . . . . 30 дена
- Машинско косење трева со грбна косачка, чистење на трња и грмушки на ул.„АСНОМ“, ул.„Марко Цепенков“, ул.„Гоце Делчев“, ул.„Егејска“, ул.„Железничка“, ул.„Аргир Маринчев“, нас.Даљан, нас.Христо Узунов, нас.Св.Стефан, с.Пештани, дворно место на општина Охрид, сообраќајна клучка спомен парк на револуција и од канал на Билјанини Извори до х.Парк.

**II – Реализирани активности за период 01.01. до 30.09.2016 година**

Реализацијата на активностите:

- Машинско косење трева
- Собирање трева по маш.косење со изнесување
- Кроење – режење на грмушки
- Поливање трева, дрва и грмушки
- Прашење и поливање на сезонско цвеќе
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото

Износот на средства за наведениот период согласно Извештајот за спроведување на буџетот, изнесува 2.000.000,00 денари, кои се однесуваат на исплата дел на новонастанати обврски, како и за обврски од претходни години, кон ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид кое е реализатор на оваа програма .

**Број 08-16043/8-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2016 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. - 30.09.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за спорт и рекреација за 2016 година за периодот од 01.07. - 30.09.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

**Број 09-16043/9** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2016 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. - 30.09.201ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за спорт и рекреација за 2016 година за периодот од 01.07. - 30.09.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16043/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на програмата за спорт и рекреација за 2016 година**
**Програма ЛО за период од 01.07 до 30.09.2016**

Создавањето услови за спортување на сите генерации, за правилен физички развој на младите генерации преку изградба, реконструкција и опремување на спортските сали, фудбалските игралишта, организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности како и поддршка на талентирани спортисти се трајна определба на Општината Охрид во сферата на спортот.

Спортските содржини со кои располага Општина Охрид на ЈП „Билјанини Извори“, затворените и отворените спортски објекти во училиштата и неколкуте фудбалски игралишта се од големо значење за развојот на спортот и спортската рекреација.

Општината Охрид кога станува збор за младите и спортот вложува и понатаму ќе вложува во ресурсите и посветено работи врз развивањето и насочувањето на потенцијалот на младите од причина што добрите навики се развиваат рано и физички активните деца веројатно остануваат активни и кога ќе пораснат.

Поддршката за учество во училишните лиги во повеќе спортови во соработка со Сојузот на училиштен спорт е од особено значење.

Направена е целосна анализа на состојбата на спортските терени со програма за целосна санација и приоритет за изградба на спортски терени односно повеќенаменски игралишта онамо каде ги нема .

Во извештајниов период ДОО „АТРИУМ“ ги заврши градежните работи од првата фаза за Изработка на оградување на фудбалското игралиште со изградба на бетонски трибини во с. Лескоец.

ДОО „Бифора“ доби Налог за работа за набавка Поставување на гумена подлога на повеќенаменското спортско игралиштето во ОУ „Св.Климент Охридски“.- Охрид .

Трета објава за изградба на повеќенаменско игралиште со вештачка трева и ПВЦ покрив.

Спортската понуда на ЈП„Билјанини Извори“ е збогатена со изградбата на 3 тениски игралишта и едно повеќенаменското игралиште.

Во извештајниов период субвенционирањето на трошоците за користење на спортските терени, максимално го користат спортските екипи, здруженија и др. се со цел омасовување и олеснување на нивните натпреварувачки и рекреативни активности.

Како резултат на финансирањето и создавањето услови за натпревари Ракометниот клуб „Охрид 2013“ , КК „АВ“ Охрид ,РК „Лихнид“ ,КК „Колибри“,ГФК „Охрид – Лихнидос“ ,ЖФК „Билјанини Извори “ ги продолжуваат натпреварите во своите конкуренции.

Со забележителни резултати на турнирските натпревари настапува и Теквондо клубот „ХВА РАНГ ИТФ“ с. Лескоец.

Општината Охрид во рамките на своите можности а согласно Буџетската програма ЛО Спорт и рекреација за 2016 г. издвои средства во висина од 22.000.000.00 а во извештајниот период потрошени се 5.467.303,00 за реализација на следните активности:

Согласно Одлуката за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за користење на спортски терени на ЈП „Билјанини Извори“ .

**КОНТО 425130** *ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ДРУГ ТИП НА ПРОСТОР*

Средства во висина од 698.800,00

**КОНТО 463120** *ТРАНСФЕРИ ДО СПОРТСКИ КЛУБОВИ*

Средства во висина од 1.970.000,00 и тоа:

| | |
|---|---|
| Сојуз на спортови | 250.000,00 |
| Сојуз на спортови | 250.000,00 |
| РК Охрид 2013 | 750.000,00 |
| РК Охрид 2013 | 650.000,00 |
| ГФК„Охрид – Лихнидос“ | 70.000,00 |

**КОНТО 464990 ДРУГИ ТРАНСВЕРИ**

Средства во висина од 12.500,00

| | | |
|---|---|---|
| ФК „Топ Тим“ | 12.500,00 | Организирање на фудбалски турнир за деца |

**КОНТО 482920** ИЗГРАДБА НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ

Средства во висина од 2.786.003.00 и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| ЈП„Нискоградба“ | 358.183,00 | Санација игралиште ОУ „Живко Чинго“ с.Велгошти |
| „Атриум“ Доо Вевчани | 1.594.118,00 | Изградба на трибина и оградување на фудбалско игралиште во с.Лескоец |
| „Дион Градител“Дооел Охрид | 517.824,00 | Изградба на детско игралиште ОУ„Св.Климент Охридски“ |
| ЈП„ Градски Гробишта“ | 200.000,00 | Изведба на армирачки работи на игралиште во с.Лескоец |
| ЈП„Градски гробишта“ | 115.878,00 | Изградба на пристапна патека во ЈП„Билјанини Извори“ |

**Позначајни настани и активности:**

*Јули* Летен камп Охрид 2016 – Спорт за сите – сите за спорт спортски училишен камп;
Припреми на клубови во разни спортови .

*Август* Илинденска регата;
Мал пливачки маратон;
Настап на Нина Балабан на ОЛИ Рио 2016;
Турнир во мал фудбал Велгошти 2016;
30 Охридски пливачки маратон;
Хуманитарен ватерполо натпревар;
40 години ОФС Охрид;
Отворена првата фитнес зона.

*Септември* Пензионерите од Охрид и Дебрца први на Републичките спортски игри;
30 Меѓународен атлетски маратон;
Пуштени во употреба тениските терен и повеќенаменското игралиште;
Меѓународна кајак – кану регата .

Одделение за спорт,
Раководител,
Серафим Наумовски

**Број 08-16043/9-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ДЕТСКА, СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА ПЕРИОДОТ 01.07. – 30.09.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работата на Секторот за образование, детска, социјална и здравствена заштита за периодот 01.07. – 30.09.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

**Број 09-16043/10** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ДЕТСКА, СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА ПЕРИОДОТ 01.07. – 30.09.2016 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на Секторот за образование, детска, социјална и здравствена заштита за периодот 01.07. – 30.09.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16043/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ДЕТСКА, СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА
### за периодот 01.07. - 30.09.2016 година

### *Образование и детска заштита*

**Во дејностите опфатени во овој Сектор, во временскиот рок предвиден со Законот за основно образование и Законот за средно образование, се подготвени и доставени до МОН следните барања:**

-Барање за добивање согласност за вработување на лица по основ старо финансирање;
- Барање за добивање согласност за вработување на лица по основ ново финансирање;
-Барање за добивање мислење за формирање паралелки со помал број од законски дозволениот минимум;
-За прв пат оваа година од училиштата до МОН беа доставени на одобрување и Годишните планови за вработување за 2017 год.

Во Одделението за образование, тековно,според доставени барања од училиштата и детската градинка се изготвуваат и доставуваат согласности за отпочнување постапки за јавни набавки,согласности за исплаќање средства од општинската сметка ,согласности за издавање под закуп на објекти кои се во нивна сопственост .

Во периодот 01.07.2016 година - 30.09.2016 година, според тековните потреби, издадени се согласности за ангажирање лица до три месеци на ослободено работно место по различен основ: пензионирање, боледување, неплатено отсуство и сл.

Во Одделението за образование се врши контрола на месечните пресметки на платите за вработените во училиштата и детската градинка, исплата на надоместоците по основ пензионирање и солидарна помош, а во соработка со Одделението за јавни набавки и Одделението за буџет, учествува во спроведувањето на постапките за организирање превоз на учениците, набавка на нафта, дрва за греење и други набавки на стоки и услуги, според годишниот план за Јавни набавки.

До Одделението за буџет, навремено, согласно законските рокови, се доставуваат обработени и исконтролирани, кварталните финансиски извештаи од училиштата и детската градинка. Од почетокот на 2016 година, од училиштата до Одделението за буџет се доставуваат и квартални извештаи за побарувања и обврски.

До Одделението за поддршка на Советот, навремено, согласно законските рокови ,се доставуваат обработени и исконтролирани од страна на Одделението за образование, Годишните програми и извештаи од училиштата и детската градинка.

Во периодот 01.07.-30.09.2016 година завршени се постапките за легализација на СОСУ „Св.Кирил и Методиј“ и ОСУ „Св.Климент Охридски“.

**Во соработка со Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита во периодот 01.07.-30.09.2016 година во училиштата и детската градинка се реализирани следните активности и проекти:**

**- Проект за меѓуетничка интеграција во образованието:** Целта на овој проект кој се реализира во соработка со УСАИД во рамки на Компонентата 2 за градење на капацитети, е да овозможи континуиран развој на активностите за меѓуетничко интегрирање во средината, каде што клучните учесници во образованието активно учествуваат и се организираат различни работилници за професионален развој, активности за учење организирани на ниво на училиште и последователна менторска програма. Со проектот се опфатени наставниците, раководствата на училиштата, членовите на училишниот одбор, родителите и одговорните за образование на општините со цел да стекнат вештини потребни за успешно интегрирање во нивните училишта, за пофокусирано заедничко работење со општината насочено кон јакнење на МИО преку интензивна соработка со основните и средните училишта во Охрид.Покрај реализираните работилници и другите активности, во 2016 година се продолжи со развивање на продлабочена соработка на општината со училиштата за унапредување на МИО на училишно ниво и на ниво на општина.
Во рамки на проектот за време на тримесечниот период започнати се припремни активности за реализација на завршниот настан од реализација на проектот за меѓуетничка интеграција, во рамки на Компонентата за јакнење на капацитетите.Припремните активности се реализираа заедно со онсновните, средните училишта.Завршната активност договорено е да се реализира во спортската сала во ОУ „Живко Чинго“ с.Велгошти.

- **„Вештини за адолесценција“ -** во соработка со Министерство за образование и наука се реализира програма наменета за адолесценти, а воедно и за наставници, професори, училишни стручни тимови и родители со цел, од една страна да се подигне нивото на знаења за превенцијата од насилство, меѓуврснички конфликти, злоупотреба на алкохол, дроги и

психотропни супстанци и слично, а од друга страна да ја развие социјално-емоционалната интелигенција. Во реализацијата на проектот се вклучени основните училишта од Општина Охрид.
Во месец септември едукаторите од основните училишта присуствуваа на завршен состанок за согледување на придобивките од спроведување на програмата „Вештини за адолесценција“, утврдување на динамиката за реализација на планираните идни активности. На состанокот беше присутен и Министерот за образование и наука на РМ.

- **Проект „Електричниот отпад создава можности – WEEE Creates possibilities“ – се реализира во соработка со Центарот за климатски промени** - Целта на проектот е подигнување на свеста на населението со фокус на децата од основните училишта во Охрид, за негативните влијанија на електричниот и електронски отпад (ЕЕО) врз животната средина и здравјето на луѓето, како и да ја истакне потребата од селектирање на овој отпад.
- **Проект „Подобрување на доживотното учење преку модернизација на стручното образование и обука и системите за образование на возрасни“** Целта на проектот е да придонесе за зајакнување на сеопфатен и интегриран систем за доживотно учење со фокус на стручното образование и обука и образование на возрасни, преку воспоставување на динамичка корелација меѓу образованието и промените како во општествената сфера,така и на пазарот на труд. Посебен акцент се става на реформите на наставните планови и програми за две и тригодишно стручно образование и обука во тесна соработка со сите релевантни партнери, особено со приватниот сектор и социјалните партнери. Во реализација на овој проект се вклучени и општините, министерството за образование и наука. Партнери во спроведувањето се Британскиот Совет во соработка со ДВВ интернешнел и Центарот за доживотно учење.
- **„Проект за развој на вештини и поддршка на иновации“** – Целта на проектот е модернизација и унапредување на системот на средно стручно образование во траење од 4 години. Проектот се состои од анализа на постојната состојба и изработка на Концепција на средно стручно образование во траење од 4 години (техничко образование), што на крај резултира со нови наставни програми. Проектот се имплементира од Министерството за образование и наука, а е финансиран од заем на Светска банка. Спроведувањето на проектот е во заедничка соработка со локалната самоуправа.
- **„Реонскиот полицаец Ве советува“** - се реализира во соработка со СВР Охрид – Отсек за превенција, со цел обезбедување на безбедна средина за живот на децата, како и подигнување на свеста кај децата за личната одговорност и самозаштита. Проектот се реализира во основните училишта.
- **„Ден без автомобили“** – Одделението за образовани зеде активно учество во анимирање на најмладите од основните и средните училишта за учество на Денот без автомобили – целта е заштита на животната средина и промоција на алтернативни форми на превоз.
- **„Мојот пријател полицаец“** – Поради неинформираност на децата од предучилишна возраст за значењето на општата безбедност и значењето на полицијата, Секторот за образование при општина Охрид, градинката „Јасна Ристеска“ и МВР-Охрид превзедоа мерки и активости со планиран проект на тема: „За мојата безбедност се грижиме јас и мојот пријател полицаец“, што континуирано се имплементира во програмските активности на градинката. Реализацијата на проектот опфаќа повеќе активности:
- посети на униформирани полицајци во градинка на децата од 5-6 годишна возраст и заеднички разговори; изработка на сообраќајни знаци, крстосници и возила од отпадни и природни материјали и цртежи и реализирање на изложба од истите; посета на полициска станица, езерска полиција, полициско возило и запознавање со работата на полициските служби и нивната опрема, кој се реализира со вклучување на родителите.
- **„Детски БОНТОН“** – Целта на овој проект е едукација на деца од предучилишна возраст за значењето на убавото и пристојно однесување што ќе им овозможи полесно прифаќање во општеството и подобар живот. Тоа би допринело и за поквалитетно живеење, поголема

толеранција, спречување на конфликти и меѓусебно почитување. Особено родителите и воспитувачкиот кадар во градинките треба да бидат пример од кој децата ќе учат како децата да се однесуваат. Реализацијата на проектот опфати: изработка на Прирачник „Бонтон за деца“, прикажување на видео материјал преку кој децата се едуцираа како треба да се однесуваат, влијание врз воспитниот кадар и родителите преку едукација правилно да ги воспитуваат своите деца, подготовка и реализирање на приредба посветена на убавото и пристојно однесување, едукативни средби со припадниците на секторот за превенција што ги едуцираа децата за начинот на однесување на улица и во сообраќајот, медиумска кампања.Проектот се реализира тековно во сите објекти на градинката.
Во рамки на проектот издаден и прирачникот на турски јазик, за деца припадници на турската националност.

***Одделението за образование во соработка со Општинскиот Совет за безбедност во сообраќајот, основните и средните училишта и ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ во периодот 01.07.-30.09.2016 година ги реализираа следниве активности:***

**- Сообраќајно безбедносни елечиња** – Одделението за образование во соработка со Општинскиот Совет за безбедност во сообраќајот и Лајонс Клубот Лихнидос од Охрид, доделија сообраќајно безбедносни елечиња на сите првоодделенчиња од основните училишта во Општина Охрид.

***Активностите од областа на образованието и детската заштита се финансирани: од буџетот на РМ (односно Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјала), од Буџетот на општина Охрид, од сопствени приходи на училиштата и градинката и од донации.***

***Во изминатиот тримесечен период реализирани се следните активности по училишта:***

## Основни училишта:

**ОУ „ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“ с.Лескоец**

- Изработка на одливно корито и санација на олуци - 10.000,00 ден. (сопствени с-ва)
- Доплата за изработен армстронг таван во библиотека 10.000,00 ден. (општински с-ва)
- Поставување на нова инсталација за парно во библиотека - 18.600,00 ден. (општински с-ва)
- Доплата за поставени винфлекс плочки во училницата за прво одделение -20.000,00 денари (општински с-ва)
- Уредување на просторија – библиотека: глетовање на ѕидови, мебел клупи и полици за книги, тавански лустери – 112.356 ден. (донација)

**ОУ „ЖИВКО ЧИНГО“ с.Велгошти –** со сопствени средства извршени се следниве активности:
-Тач табла -50.300,00 ден. (донација)
-Матерјали за реконстукција на скали -129.300,00 ден. (донација)
- Реконструкција на скали 40.000,00 ден. (сопствени с-ва)
- Набавка на орман за кабинет по биологија 24.500,00 ден. (сопствени с-ва)

**ОУ „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“**

- Реконструкција на кров на 2 згради - инвестиција од Министерство за образование и наука - 7.800.000,00 ден. (МОН)
- Промена на ламинат во една училница - 30.000,00 ден. (општински с-ва)
- Промена на искршени стакла во 2 згради - 15.000,00 ден.(општински с-ва)

**ОУ „ХРИСТО УЗУНОВ“**

- Набавка на материјали за санација на ѕидови - 29.895,00 ден. (општински с-ва)
- Набавка на компјутер и компјутерска опрема - 17.900,00 ден. (сопствени с-ва)
- Набавка на работно биро – 2.000,00 ден. (сопствени с-ва)
- Монтирање на ламинат – 8.000,00 ден. (донација)
- Поставување на линолеум под – 85.000,00 ден. (донација)
- Подни плочки во ходник и трпезарија – 30.000,00 ден. (донација)
- Нагледни средства за настава – 2.500,00 ден. (сопствени с-ва)
- Набавка на осигурачи и неонки – 3.000,00 ден. (сопствени с-ва)

**ОУ „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“ с.Пештани**

- Набавка на материјали за санација на ѕидови – 27.393,00 ден. (општински с-ва)

**ОУ „БРАТСТВО ЕДИНСТВО“**

- Набавка на материјали за варосување на двете училишни згради - 29.894,00 ден. (општински с-ва)

**ОУ „Кочо Рацин“**

Со општински средства се реализирани следните активности:
- Варосување – 9.013,00 ден.
- Одржување на водоводна инсталација – 9.497,00 ден.
- Набавка на карти по историја и географија за развој на наставниот план и програма – 20.520,00 ден.

**ОУ „Св.Климент Охридски“**

- Варосување на објектот во Даљан – 30.000,00 ден.

**ОМУ „МЕТОДИ ПАТЧЕ“**

- Молерисување – 30.000,00 ден. (општински с-ва)
- Од сопствени с-ва:

| | |
|---|---|
| - средства за молерисување | 31.950,00 ден. |
| - подиум за клавири | 29.000,00 ден. |
| - тапацирање | 25.000,00 ден. |
| - реновирање на врата во сала | 23.424,00 ден. |
| - завеси | 18.040,00 ден. |
| - теписони | 20.680,00 ден. |

**Средни училишта:**

**СОСУ „Св.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

- Тековно одржување (санирање ѕидови и молерисување) – 30.000,00 ден.

**ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски“**

- Направена платформа и собна врата - 29.000,00 ден. (сопствени с-ва)
- Обезбедени материјали за реконструкција на машките тоалети – плочки, санитарија, ПВЦ врати – (донација)
- Материјални средства и работна рака за дел од фасадата на училиштето (донација)
- молерофарбарски услуги - 27.486,00 ден. (сопствени с-ва)

**ОСУ „Св.Климент Охридски“**

- Поправки на инвентар – 29.830,00 ден.

***Во период од 01.07.-30.09.2016 година во ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ реализирани се следните активности:***

Од општинската с-ва во износ од **30.000,00 ден.** извршена е:
Санација на оштетени ѕидови и тавани во објектот „Централна“

- Отстранување на оштетен материјал;
- Малтерисување со продолжен малтер;
- Премаз со хидромал флекс;
- Глетовање до финална изработка;

Од сопстени средства во износ од **431.658,00 ден**. за објект „Централна“:

- Комплет промена на водоводната мрежа во цел објект;
- Промена на канализационата мрежа во детските тоалети;
- Вентилационен систем во детските јазли;
- Поправка на вентилација во кујна;
- Поставување на подни плочки на 160м2;
- Поставување на ламинат во холот од 80м2;
- Поставување преграден ѕид во кујна;
- Поставување преграден ѕид и врата за канцеларија за прием на деца;
- Набавка на 6 детски вц шољи;
- Монтажа на 24 нови чешми и друга санитарија во детските тоалети;
- Поставување на електрична мрежа за бојлери во детските тоалети.

Од Донација:

- Андрос **26.700,00** ден.за цевки за водоводна мрежа;
- Мирка Милеска **4.500,00** за две казанчиња;
- Риа Комерц **4.500,00** за две казанчиња;
- Јованоски Влатко **2.500,00** за едно казанче;
- Донација во вредност од **100 евра** за руралните групи фо форма на играчки, телевизори, дивиди плеери, косалица за трева.

**ПОТРОШЕНИ ОПШТИНСКИ СРЕДСТВА ПО ПРОГРАМИ, СПОРЕД НАМЕНАТА во периодот 01.01.-30.09.2016 год. (според книговодствената евиденција)**

***Програм Н1-основно образование / 17.869.490,00 ден***

- 718.017,00 денари се исплатени за електрична енергија (за ОУ„Григор Прличев“ )
- 100.000,00 денари се исплатени за огревно дрво (за подрачните училишта);
- 12.200.000,00 денари се исплатени за нафта,
- 1.770.200,00 ден. се исплатени за превоз на ученици ;
- 201.820,00 ден. се исплатени за систематски и санитарни прегледи на вработените;
- 155.897,00 ден. се исплатени за осигурување на објектите ;
- 1.323.018,00ден. се исплатени за обврски по основ договор на дело за ангажирани наставници во продолжен престој и како долг од претходни години( за договорни услуги)
- 263.000,00ден.се исплатени за трансфери при пензионирање и солидарна помош;
- 205.505,00 ден.се исплатени за поправки и тековно одржување на објектите,опрема и мебел;
- 932.033,00 денари се исплатени по основ стари долгови за извршени реконструкции на училишни објекти.

***Програм Н2-средно образование 5.337.470,00 ден***

- 137.470,00 денари се исплатени за набавка на чадори и маици матурската парада;
- 100.000,00 денари се исплатени за договорни услуги за ангажирани лица во училиштата: хигиеничари, наставници по физичко воспитување како долг од претходните години)
- 5.100.00,00ден. се исплатени за градежни зафати (долг од изминатите години)

***Програм В1- детска заштита / 2.500.568,00 ден.***

- 2.448.522,00ден. се потрошени за плати на ангажираните лица во градинката преку агенција за посредување при вработување;

- 52.046,00 денари се потрошени за ситни реконструкции .

**ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ОД БЛОК ДОТАЦИИ ИСКАЖАНИ ПО ПРОГРАМИ , СПОРЕД НАМЕНАТА :**

***Н1/ основно образование* 153.480.086,00 ден**

***Од вкупните средства на блок дотација за основно образование исплатено е како што следува***:

- За плати и придонеси на вработените исплатени се вкупно 142.058.476,00 ден.
- 3.201.086.,00 денари се распределени за комунални услуги (греење,електрична енергија, вода, ѓубретарина, телефонски услуги);
- 463.273,00 денари се исплатени за поправки, ситен инвентар, канцелариски материјали, средства за хигиена и нагледни средства;
- 145.208,00 денари се исплатени за превоз на ученици
- 94.198,00 денари се исплатени за дуги тековни расходи (објавување огласи,семинари ,обуки и сл. )
- 49.500,00 денари се исплатени за ситни поправки

***Н2/ средно образование:*** *75.926.540,00 ден.*

- 65.296.795,00 денари се исплатени за основни плати и придонеси за вработените ;
- 4.673.040,00 денари се исплатени за превоз на ученици;
- 4.672.260,00 денари се исплатени за комунални услуги (греење, електрична енергија, вода, ѓубретарина, телефонски услуги);
- 601.343,00 денари се исплатени за поправки, ситен инвентар, канцелариски материјали,средства за хигиена и нагледни средства;

- 215.600,00 денари се исплатени за отпремнини по основ пензионирање и солидарна помош ;
- 46.693,00 ден .се исплатени за одржување на софтвер и хардвер и др.опрема;
- -83.014,00 ден се исплатени по основ осигурување на недвижности и права;
- 49.314,00 ден се исплатени за др.договорни услуги односно за пракса во медицинските паралелки;
- 91.173,00 ден се исплатени за др.договорни услуги односно за семинари и конференции;
- 95.000,00 ден. се исплатени за систематски и санитарни прегледи на вработените;
- 31.043,00 ден се исплатени за услуги за копирање и печатење.
- 71.265,00 други услуги (консултантски,вонучилишни и сл.).

***В1/ Детска заштита:*** *23.267.283,00 ден.*

- 21.595.440,00 денари се исплатени за основни плати и придонеси за вработените ;
- 147.226,00 денари се исплатени за отпремнини по основ пензионирање и солидарна помош;
- 1.524.617,00 денари се исплатени за течни горива;

***Извештај за реализирани активности од областа на социјалната заштита***

Во периодот 01.07.-30.09.2016 година се реализираа следните тековни активности од областа на социјалната заштита:

1. ***Подршка за поголема опфатеност на деца во дневен центар*** за лица со интелектуална попреченост.Програмата е финансирана од Австралиска амбасада со имплементација од страна на Општина Охрид во соработка. Во проектот се ангажираа две лица кои подолго време волонтерски работат во центарот. Главна цел на проектот е поголема опфатност на деца, социализација, поголема грижа и едукација како и чувство на поголема љубов и грижа за лицата со интелектуална попреченост од страна на општеството. И по завршувањето на Проектот финансиран оа Австалиска амбасада,Дневниот Центар продолжи да функционира со поддршка од Општина Охрид.
2. ***Организирање доброволна крводарителска акција***. Општина Охрид во соработка со Црвен Крст секоја година традиционално организира крводарителска акција на плоштадот во Охрид.
3. ***Организирање на хуманитерна акција за помош на млади и други лица од социјално загрозени семејства –Донирај***. Општина Охрид во соработка со Црвен Крст успешно секоја година организира хуманитарна акција за помош на лица кои навистина имаат потреба и спаѓаат во категоријата на граѓани од социјално загрозени семејства.

4. ***Субвенционирање трошоци за комунални услуги.***Субвенционирани беа трошоци на социјално ранливи групи (невработени,приматели на постојана парична помош ,користење на социјална помош и инвалидизирани лица со најмалку 70 % инвалидитет).Оваа категорија на граѓани доби намалување на сметките од Јавните претпријатија на општината, во вкупен износ од 600 денари месечно.
5. ***Проект "Се грижиме за топол дом".***Во соработка со Центар за социјални грижи континуирано се води овој Проект.Се работи за донации од семејства (мебел,бела техника и слично) на други семејства од социјално ранливи групи.Општина Охрид во овој Проект е вклучен во логистичка поддршка,обезбедување и финансиско покривање на превозни средство за транспорт на донациите.
6. Општина Охрид доделува ***еднократна парична помош*** на лица и семејства кои се социјално загрозени како и еднократна парична помош за секое прво и второ новородено дете, со поддршка кон заложбите на Владата на РМ во насока на зголемување на наталитетот.
7. Имплементација на програмата **Општинско – корисно работа**, Програма Општинско корисна работа со наслов на проектот –растеме и оствaруваме соништа за среќно детство.Основна цел на проектот е инклузија на деца од предшколска возраст кои се со интелектуална попреченост , пречки во говорот и инклузија на талентирани деца во насока на пружање на соодветна стручна помош од страна на стручен тим на воспитно згрижувачките тимови кои работат во установата. Со проектот работно се ангажираа пет лица ( психолог, дефектолог, професор по физичко и 2 професори по англиски јазик).Со проектот ќе се спроведе социјално едукативен процес, задоволување на потребите на родителите и децата од предшколска возраст и работно ангажирање на долгорочно невработени лица. Мислам дека е доволно, на мејлот на образование рекоа да се прати.

8. Започнување со имплентација на проектни активности за отворање на ***Дневен центар за деца со аутизам***, со финасиска подршка од Министерство за труд и социјална политика и општина Охрид.

**Изработиле:**

Лиле Маркоска, советник за образование
Флорентина Стерјовска, соработник за образование

Кети Росиќ, соработник за социјална заштита
Наташа Смилеска, соработник за невладини организации

**Број 08-16043/10-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СЕКТОРОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, СОРАБОТКА СО УНЕСКО И КУЛТУРА ЗА ПЕРИОДОТ 01.07. – 30.09.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Секторот за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура за периодот 01.07. – 30.09.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

**Број 09-16043/11** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СЕКТОРОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, СОРАБОТКА СО УНЕСКО И КУЛТУРА ЗА ПЕРИОДОТ 01.07. – 30.09.2016 ГОДИНА**

**Член 1**
**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Секторот за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура за периодот 01.07. – 30.09.2016 година.

**Член 2**
Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16043/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОРОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, СОРАБОТКА СО УНЕСКО И КУЛТУРА**
**за период од 01.07.2016 до 30.09.2016 година**

Работните активности на Одделението за култура се реализираат согласно програмските документи, усвоени од страна на Советот на Општина Охрид.

Во периодот од 01.07.2016 до 30.09.2016 година, покрај секојдневните тековни работни задачи во перманентна комуникација со надлежното министерство, локалните институции од областа на културата, средбите и контактите со организации, здруженија и поединци од оваа дејност, хронолошки, беа успешно организирани и реализирани следните позначајни културни манифестации:

- Во соработка со Здружението на граѓани „ТЕМОВ ФШТ“, под покровителство на Општина Охрид се одржа третото издание на **Меѓународниот фестивал на улична уметност „Баскерфест”.**
  Со тридневни жонглерски, музички, театарски настапи, пантомима и други атрактивни перформанси, охриѓани и оваа година ги почувствуваа позитивните вибрации кои ги шири фестивалот под отворено небо.

- Со поддршка на Општина Охрид, а под покровителство на Претседателот на Собранието на Република Македонија, Трајко Вељаноски, се одржа 55-тото јубилејно издание на најстарата музичко – сценска фолклорна манифестација **„Балкански фестивал на народни песни и игри.**

- Со поддршка на Општина Охрид, а во организација на Здружението на граѓани „Поетска ноќ во Велестово“ се одржа дваесет и осмото издание на културната манифестација **„Поетска ноќ во Велестово“.** Оваа манифестација годинава воведе нови содржини како што е претставување на една светска национална поезија, а беше промоворана и антологија на ирската поезија во која беа претставени единаесет поети.
- Со поддршка на Општина Охрид започна и **56-тото издание на фестивалот Охридско лето.** Во рамките на програмата на годинешното фестивалско издание беа застапени преку 50 музички настани, девет театарски претстави, пет изложби и осум филмови од богатата кинематографска ризница на најстарата продуценска куќа во нашата држава „Вардар филм“. На фестивалот се одржаа низа ексклузивни музички настани, како што се: концертите на виолинистите Максим Венгеров, Вадим Репин, Роман Симовиќ, пијанистите Фазил Сеј, Ана Винитскаја и концертот на легендарниот џез музичар Артуро Сандовал.

- Под покровителство на Општина Охрид по петти пат се одржа манифестацијата **„ На зајдисонце во Трпејца“**, во организација на Здружението „За Трпејца со љубов“.

- Оваа година илјадници гости од земјава и странство беа сведоци на спектакуларните настани во рамките на првото издание на **„Ohrid calling“** во организација на Општина Охрид и Авалон Продукција.

  -На 1-ви август на стадионот „Билјанини Извори“ пред илјадитата публика настапи најпознатиот **Д-ј Ники Ромеро**.
  - На 13-ти август на сцената на Античкиот театар настапи најпознатиот виртоузот на гитара **Ал Ди Меола**.
  - На 14-ти август на стадионот „Билјанини Извори“ настапи светски познатата музичка група **– Продици ( „The Prodigy“)**

- Општина Охрид и оваа година беше домаќин на второто издание на фестивалот **Алтернативно лето Охрид 2**, кој е во организација на Центарот за интегриран развој . Во рамките на фестивалот, на скејт паркот се одржа скејт и БМХ натпревар каде учествуваа повеќе од 50 натпреварувачи од Македонија и регионот. Во однос на музичкиот дел настапија познати имиња од алтернативна музичка сцена од Македонија и регионот: Локален демо бенд, dj Jans( Србија), ДЈ Гоце (Скопје), Band contact, The Authot, Hard face, Last Hope ( Софија), Zvezde Grajma и други. Целта на настанот е промоција на урбаната култура, алтернативната музика и екстремниот спорт.

.

- Со пригодна културно – уметничка програма и полагање свежо цвеќе пред спомен - обележјето во градскиот парк беше одбележан **2-ри Август – Денот на Републиката.**

- Со поддршка на Општина Охрид на градскиот плоштад „Свети Климент Охридски“ беше одржан едночасовен **концерт на Воениот оркестар на Генералштабот на АРМ.**

- Општина Охрид на достоен начин со дводневни чествувања го одбележа **Јубилејот – 1100 години од упокојувањето на Свети Климент Охридски.** Во рамките на свеченоста чии носители беа Претседателот на Република Македонија д-р Ѓорѓе Иванов, Општина Охрид, МАНУ и Универзитетот „Свети Климент Охридски“, на 08.08.2016 година се одржа молебен и полагање на свежо цвеќе на гробот на Свети Климент.

  - На 09.08.2016 година во црквата Света Софија, се одржа изложба **„Портретите на Св. Климент охридски во ликовната уметност на Македонија и на соседните земји“, Концерт на Симфонскиот оркестар на Македонската филхармонија, со солистите Ана и Игор Дурловски.**

- Во организација на Општина Охрид и ОО на Црвениот крст – Охрид, на градскиот плоштад „Свети Климент Охридски“ се одржа **хуманитарен концерт за помош на поплавените подрачја во скопскиот регион.** На концертот учествуваа познати имиња од македонската музичка сцена : Елена Велеска, Група Чардак, Наум Петрески, Зуица Лазова, Ѓоко Танески, Петар Нечоски, Татјана Стефаноска, Милован Секулоски , Екстра бенд и Боби Мојсоски.

- Со пригодна свечена програма и полагање цвеќе пред спомен -обележјето на Живко Чинго во Велгошти се одбележа **81-годишнината од раѓањето на Живко Чинго.**

- Со поддршка на Општина Охрид, а во организација на Здружението на граѓани „Охридски хор“ и оваа година успешно беше реализиран **9-тиот по ред Меѓународен хорски фестивал.**

- Со поддршка на Општина Охрид, а во организација на Здружението „ Охрид фест“ на летната сцена Долни Сарај, се одржа 23-тото издание на **Интернационалниот музички фестивал Охридски трубадурии 2016.**

- Во организација на Општина Охрид и ОО на Сојуз на борци на Охрид и Дебарца, основните училишта и најмладите од детската градинка „Јасна Ристеска“ со хепенинг и пораки за мир беше одбележан **21-ви Септември – Меѓународниот ден на мирот.**

- Во организација на НУ Центар за култура „ Григор Прличев“ а со поддршка на Општина Охрид се одржаа **28-мите по ред Охридски староградски средби.**

**Финансиски дел од извештајот**

За реализација на програмските содржини на Одделението за култура реализирани во периодот од 01.01 до 30.09.2016 година, од Програмата **К4** потрошени се вкупно **2.139 634 ден.**

Од кои за периодот од 01.01.2016 до 30.06.2016 година се потрошени 1.320 437,оо денари, а за периодот од 01.07.2016 до 30.09.2016 година се потрошени **819 197,00 ден.**

Износ на потрошените средствата за периодот од 01.07.2016 до 30.09.2016 година:

- **90.000, оо** денари се исплатени финансиски средства за реализација на Меѓународниот уличен фестивал „ Баскерфест“;
- **70.000,оо** денари се исплатени за реализација на Охридскиот хорски фестивал.
- **46.414, оо** денари за реализација на културната манифестација „ Вечер на Живко Чинго“
- **30.000,оо** денари за реализација на годинешното издание на музичкиот фестивал „Охридфест – Охридски трубадурии“.
- **40.000,оо** денари за реализација на годинешното издание на манифестацијата „ Поетска ноќ во Велестово“.
- **282.000,оо** денари за Охридско лето;
- **170.000,оо** денари за реализација на програмските активности за одбележување на Јубилејот -1100 години од упокојувањето на Свети Климент Охридски.
- **90.000,оо** денари се трансферирани кон Здрженија на граѓани согласно јавниот повик за финансирање на програми и проекти за 2016 година.
- Преостанатите незначителни финансиски средства од вкупниот износ се потрошени на контата: 426990- други оперативни расходи и 425190-друга опрема.

На крајот од овој Извештај, ја апострофираме максималната и конструктивна соработка со Комисијата за празници и манифестации во делот на реализацијата на програмските содржини предвидени во Програмата за одбележување празници и манифестации.

**Изготвиле :**
**Весна Јованоска**
**Митре Велјаноски**

Извештајот за работа на Секторот за меѓународна соработка, соработка со Унеско и култура е концепиран врз соработката на Општина Охрид со градови и организации со кои има заеднички интерес во областа на економијата, туризмот, културата, итн. Соработката се остварува преку разни проекти и протоколарни посети со збратимени градови и организации со кои соработува како и други градови од взаемен интерес.

**Одделение за меѓународна соработка и соработка со збратимени градови**

Во периодот од 01.07.2106г. до 30.09.2016г. беа реализирани следниве проекти од областа на меѓународна соработка.

- На 13.07.2016 во кабинетот на градоначалникот на Охрид, г. Бакрачески се оствари средба помеѓу Израелскиот Амбасадор Дан Оријан и Градоначалникот на Охрид Никола Бакрачески. На оваа средба беа потврдени пријателските врски на Македонија и Охрид со Израел и искрените напори за взаемна соработка. Амбасадорот Оријан изрази подготвеност за поблиска соработка со фестивалоит,, Охридско лето`` односно учество на наши театри на културни манифестации во Израел. Исто така на средбата стана збор за и за континурианите напори што ги прават локалната самоуправа и Израелската амбасада, во привлекување на израелски инвеститори за вложувањата во здраствениот туризам во Охрид.
- Амбасадорката на Република Австрија во нашата земја, Ренате Коблер на 12.07. 2016г. беше примена од страна на градоначалниот на Охрид, Никола Бакрачески.На оваа средба Австриската амбасадорка го изрази своето воодушевување од Охрид и вети дека ке работи на негово промовирање пред австриските граѓани. Во таа насока Коблер изрази подготвеност за поблиска

соработка со менаџментот на фестивалот„Охридско Лето`` за настап на австриски уметници на нашата најреномирана музичко сценска манифестација.

- На 25.08 2016г. делегација од општина Чанкаја, Турција, предводена од директорот за надворешни работи, Етхем Торуноглу беше во посета на општина Охрид каде што беше примена од страна на заменик градоначалникот Ангел Јанев. На средбата се разговараше за остварување соработка во повеќе области меѓу кои туризам и потенцијални инвестиции на турски компании во Охрид. Во областа на туризмот беше договорена соработка помеѓу двете општини за туристичка промоција на Охрид во Анкара на која би присуствувале повеќе туристички агенции и тур оператори, додека во областа на културата се разговараше за настап на фолклорен ансамбл од Чанкаја на некој од фолклорните фестивали кои се одвиваат во текот на летниот период во Охрид.
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за остварување на Буџетот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 30.09.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

**Број 09-16043/21** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за остварување на Буџетот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 30.09.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16043/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ**
**за периодот од 01.01.2016 до 30.09.2016 година**

**Буџет на Општина Охрид**

Буџетскиот процес како еден од најважните сегменти во локалната самоуправа опфаќа низа правила и активности кои овозможуваат локалната самоуправа да подготви, усвои и пристапи кон извршување на еден квалитетен буџет. Со воспоставување на буџетскиот процес се дефинираат и изготвуваат низа акти и одлуки кои го детерминираат буџетскиот план и врз база на кои подоцна се врши распределување и дистрибуција на буџетските средства. Буџетскиот процес е еден од најважните не само за администрацијата и општината како институција туку и за сите граѓани на таа општина поради единствениот факт што во тој процес се донесуваат одлуки за начинот на прибирање и трошење на средствата од граѓаните, а од правилноста на тој процес ќе зависи квалитетот во задоволувањето на потребите и барањата на граѓаните на една локална самоуправа, нивно унапредување или

назадување. Реално утврдување на приходите и расходите на општината е клучен сегмент за остварувањето на целите на ЕЛС од аспект на задоволување на севкупните потреби на граѓаните, успешно функционирање на општинската администрација и правилно планирање на програмите и активностите.

Ингеренциите кои ги има локалната самоуправа, а се стекнати со процесот на децентрализација дополнително ја потенцираат потребата и важност на овие процеси кои би овозможиле локалната самопурава со еден квалитетен буџетски процес да одговори во решавањето на инфраструктурните проблеми на граѓаните како и менаџирање на обврските во оние области во кои има надлежност локалната самоуправа.

Поради сето претходно изнесено, квалитетно изготвен буџет претставува основен предуслов за навремено извршување на зацртаните програми и активности. Процесот на буџетирање на локалната самоуправа како сложен процес е во тесна врска со многу други меѓусебно поврзани и зависни активности. Овој процес како таков започнува и се одвива во подолг временски период, иако процесот на прибирање на приходите и извршување на расходите се однесува само за една тековна буџетска година. Програмското планирање е основа на процесот на буџетирање во локалната самоуправа, односно овој процес опфаќа буџетирање врз база на одвојување на различни активности и проекти во посебни програми и потпрограми. Програмите кои се однесуваат на капитално инвестирање уште се нарекуваат и развојни програми и тие се донесуваат на подолг временски период, односно неколку буџетски години, што од своја страна бара координираност на сите инстанци во локалната самоуправа. Ваквите активности треба да овозможат навремена реализација на проектите по години, да дадат детална финансиска конструкција за изведување на тие проекти, како и да ја отсликаат реалноста и потребата односно оправданоста од таков проект. Во поглед на програмското буџетирање, основно е акцентот да се стави на програмите, да се изврши правилна распределба на расходите по програми и активности, да се има целосна слика и контрола на процесот на извршување и нивото на остварување на активноситите и проектите како и континуирана контрола на степенот на остварување на поставените цели.

Квалитетот на извршување на обврските на ЕЛС, во однос на решавање на потребите и проблемите на граѓаните, безусловно бара ефикасно буџетирање, односно планирање на сите расположливи ресурси од аспект на обезбедување на финансиски средства за реализација на низа активности во надлежност на општината. Сето погоре кажано неопходно бара изготвување на транспарентен буџет со кој ќе бидат опфатени неопходните барања на граѓаните притоа не запоставувајќи ја развојната компонента на општината од една страна, а од друга страна, изготвување на буџет кој на оптимален начин ќе ги опфати сите приходи кои се во надлежност на локалната самоуправа, а се утврдени со ЗФЕЛС. Прибирањето на средствата е неопходен услов за реализација на сите активности утврдени со законската регулатива, а кои се во надлежност на општината. Буџетот на општината се состои од годишна проценка на приходите и расходите по намени и активности. За правилна проценка на приходите и расходите, потребно е реално согледување и утврдување на севкупните мерливи параметри значајни за изготвување на буџетот. За реално утврдување на вкупните годишни приходи и расходи, потребно е да се запази процесот на буџетирање утврден согласно Законот за финансирање на локалната самоуправа и Законот за буџетите, притоа во голема мерка да се води сметка како за реалните потреби на граѓаните, од една страна, така и за реалните можности и капацитети на општината, од друга страна. Процесот на буџетирање како една од најзначајните активности во локалната самоуправа неминовно бара вклученост на сите граѓани, здруженија и администрација со целосен сериозен пристап кон изготвување на буџетот, како годишен развоен документ на општината.

Незамисливо е нормално функционирање на општината и извршување на сите планирани активности без правилно, навремено и точно донесување како и извршување на буџетот. Процесот на буџетирање е перманентен циклус кој започнува со моментот на изработување на годишниот план и програма и трае се до негова конечна реализација до крајот на буџетската година.

Согласно постапките во буџетскиот процес, како и активностите по буџетскиот календар, усвоен од Советот на општината, администрацијата во текот на подготвувањето на буџетот постојано врши согледување, проценка и проектирање на сопствените финансиски ресурси утврдени согласно законската регулатива. Утврдените приходи, заедно со трансферираните приходи од државно ниво, ДДВ, блок дотациите и наменските дотации ја дефинираат вкупната маса на средства на општината кои стојат на располагање за решавање на одредени проблеми, потреби, активности и надлежности во буџетската година. Во проектирањето на трошоците, односно изготвувањето на расходниот дел, посебно се води сметка за укажувањата и потребите на граѓаните во процесот на решавање на инфраструктурните проблеми, се земаат во предвид предлозите и барањата на месните односно урбаните заедници, плановите на буџетските корисници и тоа сето преку извршени анализи на стручните служби на општината, имајќи ги во предвид долгорочните и годишните програми. Утврдените активности, искажани како трошоци, опфатени се во соодветни програми во буџетот, што овозможува поголема транспарентност и контрола на начинот на извршување на буџетот.

Приходите кои ги остваруваат општините опфаќаат повеќе типови по различни основи и истите ги регулира Законот за финансирање на ЕЛС и Законот за буџетите, а се однесуваат на следните извори на приходи:

- сопствени извори на приходи, кои се остваруваат врз основа на наплатата на локални даноци, такси, надоместоци приходи по основ сопственост;
- приходи по основ на трансфери од буџетот и буџетите на фондовите, како средства по основ на персонален данок, ДДВ и други трансфери;
- приходи на буџетските корисници кои се користат за покривање на нивните редовни активности, познати како приходи од самофинансирачки активности;
- приходи по основ донации, кои се остваруваат врз база изработени и одобрени проекти од разни меѓународни институции и фондови;
- приходи по основ блок дотации за буџетските корисници од областа на образованието и детската заштита;
- приходи по основ на наменски дотации за ППЕ.

Во процесот на буџетирање, содржината и програмите од кои се состои буџетот се усогласени со унифициран начин на припрема и изготвување на буџетот, утврден од Министерството за финансии. Општинскиот буџет се состои од општ и посебен дел. Општиот дел ги опфаќа следните елементи:

- консолидиран биланс на приходи и расходи;
- функционална класификација на расходите;
- биланс на тековно оперативни расходи;
- биланс на капитални приходи и расходи;
- приходи и расходи за развојните програми.

Песебниот дел на буџетот согласно Правилникот за класификација на расходите донесен од страна на Министерството за финансии, ги прикажува расходите групирани според корисници и програми.

Расходите на буџетот, според корисници и намени, се групирани во соодветни програми. Секоја од овие програми е структуирана согласно економската класификација на приходите и расходите утврдена од Министерството за финансии.

Согласно законските прописи, пишаните процедури и напатствија од МФ, општина Охрид на седница одржана на ден 25.12.2015 година со Одлука бр.08-17635/27 го утврди буџетот на општината за 2016 година на износ од 1.108.502.627,оо денари. Согласно Одлука за измена на распоредот на средствата во буџетот на општина Охрид за 2016 год. бр. 08-12066/44 од 15.08.2016 год. извршена е прераспределба на средства во буџетот односно пренамена на средства од едно конто на друго и од една програма на друга, односно извршена е реалокација на средства од едни позиции на други согласно приоритетите за извршување на одредени активности. Висината на буџетот со оваа Одлука останува непроменето. Во месец

Септември повторно е донесена Одлука за измена на распоредот на средства во буџетот на општината- пренамена на средства бр. 08-13971/34 од 28.09.2016 год. во делот на буџетските средства за активности од детската заштита каде се врши реалокација на средства од едно конто на друго во рамките на иста програма а нивото на вкупната програма и буџет останува на претходното ниво.

**Приходи**

Согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и постојната класификација на приходите во зависност од нивниот извор на настанување, најголем дел од буџетот во висина од 589.784.017,оо денари се приходи кои според изворите на настанување, општината ги остварува од редовно работење и активности утврдени во ЗФЕЛС. Доколку се земе предвид структурата на планираните приходи, износот од 589.784.017,оо денари е распределен по група на приходи:

- Даночни приходи ------------------------------------- 465.156.167,оо
- Неданочни приходи ---------------------------------- 14.300.000,оо
- Капитални приходи ----------------------------------  16.450.000,оо
- Трансфери и донации ---------------------------------- 93.877.850,оо

Трансферите од државниот буџет по основ блок односно наменски дотации со намена за финансирање на активностите од областа на образованието, детската заштита и противпожарната заштита е предвиден износ од 368.485.000,оо денари од вкупно утврдениот буџет. За овој тип на приходи очекувано остварувањето е во рамките на оптималните вредности.

Во вкупниот буџет согласно законската регулатива на општината се вклучуваат и средствата кои буџетските корисници на општината (основните, средните училишта и детските градинки) ги остваруваат по основ на самофинансирачки активности, приходи кои се утврдени на вкупен износ од 22.130.000,оо денари. Овој делот кој ги опфаќа средствата по основ самофинансирачки активности и претходно сме истакнале се проектира и реализира од страна на раководителите на буџетските корисници и нивните стручни служби и степенот на остварување зависи исклучиво од нивните менаџерски способности. Од податоците за реализација на овој тип на приходи, може да се каже дека остварувањето на овој тип на приходи е недоволно, постои простор за подобрување на прибирањето на овие приходи во периодот кој следи или во спротивно потребно е ревидирање на овој тип на приходи, односно нивно ребалансирање.

Приходите по основ донации за проекти за кои општина Охрид аплицирала пред соодветни меѓународни институции, во буџетската 2016 година се планирани на износ од 23.124.259,оо денари. Реализацијата на овие проекти согласно постојната евиденција и активностите кои се изведуваат на терен во најголем дел е завршена или е во тек, за што подетални информации може да се добијат од соодветните одделенија односно сектори.

Во буџетот на општина Охрид се предвидени и средства по основ задолжување износ од 104.979.351,оо денари, средства кои општината ги има обезбедено преку Министерството за финансии за средства од Светска банка. За овој тип на средства треба да се потенцира дека активностите на терен се целосно завршени согласно поднесените и одобрени проекти, за истите во неколку транши целосно се повлечени одобрените средства и истите согласно законска процедура се исплатени на изведувачите на работите. Подетални информации може да се добијат од соодветниот сектор и извештаи за поеделните буџетски - инвестициони програми.

Според извршената анализа и податоците со кои располага сметководството, општина Охрид заклучно со третиот квартал остварила вкупен приход од 730.879.485,оо денари или процентуално изразено 65,93% од севкупно проектираните приходи. Ваквиот процент на

остварување е збир од сите извори на приходи по сите основи, планирани во буџетот за 2016 година.

Доколку се анализира остварениот приход од изворните приходи- основниот буџет кој е во директна зависност од способноста и ангажираноста на стручните служби во постапката на прибирање на овие приходи, износот од 342.066.776,оо денари покажува остварување од 58,оо% од што може да се констатира дека општина Охрид има послабо остварување на овој тип на приходи. Она што овдека треба да се потенцира е фактот дека остварувањето на даночните приходи е одлично а она што значително отстапува од просекот и планираните износи е приходот на ставката 717 - Даноци на специфични услуги во кој најголеми зафаќања имаат приходите по основ уредување на градежно земјиште, каде процентот на остварување изнесува 11,58% и истиот значително влијае на остварувањето на оваа група на приходи во која покрај овој приход како позначајни ставки влегуваат и приходите по основ на такса за привремен престој, комунална такса за користење и одржување на јавно осветление. Со оглед на периодот кој следи, завршување на календарската, односно буџетската година за очекување е поголемо остварување на планираните приходи и повисок степен на остварување на буџетот во делот од изворните приходи, односно во делот од основниот буџет.

Претходно изнесеното, со исклучок на погоре спомenатите даноци на специфични услуги-уредувањето на градежното земјиште укажува на добар тренд во прибирање на приходите што пак од друга страна дава простор за реализација на планираните активности и проекти на општината.

Од приложениот квартален извештај табеларен преглед и табелата бр.1 дадена подолу може да се забележи остварувањето пооделно по видови на приходи.

Согласно претходно изнесеното и податоците изнесени во кварталниот извештај образец К1 буџетот за третиот квартал пооделно по различни групи на приходи бележи солидно остварување со исклучок на групата даноци на специфични услуги и приходното конто во оваа група уредување на градежното земјиште. Со оглед на периодот кој претстои раководството и стручните служби треба да настојуваат да се задржи а каде што има простор да се подобри остварувањето на приходите со цел отворање на што поголем простор за реализација на планираните активности и програми. Структурата на остварените приходи по основ на извори дадена е во следната табела:

***Табела 1***

| **Вид на приход** | **Проектирано за 2016** | **Остварено во трет квартал** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **368.485.000** | **279.955.030** | **75,97** |
| **Самофинансирачки приходи** | **22.130.000** | **12.187.267** | **55,о7** |
| **Даночни приходи** | **465.156.167** | **232.682.282** | **50,02** |
| **Неданочни приходи** | **14.300.000** | **12.268.647** | **85,79** |
| **Капитални приходи** | **16.450.000** | **19.422.142** | **118,07** |
| **Приходи од донации** | **23.124.259** | **18.650.986** | **80,66** |
| **Трансфери и донации** | **93.877.850** | **77.693.705** | **82,76** |
| **Кредити** | **104.979.351** | **78.019.426** | **74,32** |
| ***Вкупно*** | ***1.108.502.627*** | ***730.879.485*** | ***65,93*** |

Податоците во табела укажуваат на одредени отстапувања во остварувањето на пооделните групи приходи објаснети претходно, при што посебен акцент треба да се стави на оние приходи кои што во поголема мера отстапуваат од планираното со буџетот за 2016 година.

***Графикон бр.1***




***Графикон бр.2***




Превземање на мерки за подобрување или задржување на трендот на остварување, односно прибирање на приходите по сите основи и извори до крајот на годината би требало да биде приоритет во наредниот период, а во оној сегмент кој претходно го споменавме би се пристапило кон ревидирање на предвидените приходи согласно позитивните законски прописи.

Согласно востановената практика за прикажување на споредбени показатели во табелата подолу дадени се остварувањата на приходите за истиот период во буџетската 2015 година.

| **Вид на приход** | **Проектирано за 2015** | **Остварено во трет квартал** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **367.196.402** | **275.067.042** | **74,91** |
| **Самофинансирачки приходи** | **20.835.000** | **15.063.818** | **72,30** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Даночни приходи** | **356.300.236** | **224.314.124** | **62,96** |
| **Неданочни приходи** | **17.300.000** | **11.863.567** | **68,57** |
| **Капитални приходи** | **67.200.000** | **63.350.237** | **94,27** |
| **Приходи од донации** | **15.662.721** | **14.795.146** | **94,46** |
| **Трансфери и донации** | **53.359.917** | **47.527.893** | **89,07** |
| **Кредити** | **127.053.724** | **8.754.267** | ***6,89*** |
| ***Вкупно*** | ***1.024.908.000*** | ***660.736.094*** | ***64,47*** |

***Графикон бр.3***




Споредбено 2016 год. во однос на 2015 год. за третиот квартал, доколку се има предвид остварувањето на буџетските приходи (изворни приходи, основен буџет) во номинален износ, изнесуваат:

- остварување во 2016 год. 342.066.776,оо денари
- остварување во 2015 год. 347.055.821,оо денари

Согласно наведеното, остварувањето во 2016 год. е за 1,46% помало од остварувањето за наведениот период во 2015 година.

Споредбено 2016 год. во однос на 2015 год. за третиот квартал, доколку се има предвид остварувањето на вкупните буџетски приходи во номинален износ, изнесуваат:

- остварување во 2016 год. 730.879.485,оо денари
- остварување во 2015 год. 660.736.094,оо денари

Согласно наведеното, остварувањето во 2016 год. е за 10,62% поголемо од остварувањето за наведениот период во 2015 година.

Динамиката како и износите на остварување на буџетот кумулативно на синтетички конта во пропишана форма се прикажуваат и доставуваат до секторот за буџети во министерството за финансии на унифициран образец К1 кој поблиску ги прикажува планираните износи на приходи и нивното остварување, заклучно со последниот ден од тековниот квартал.

Процентуалниот удел во вкупно проектираните и реализирани приходи за 2015 и 2016 година е прикажан во графикон бр.4.

***Графикон бр.4***




**Расходи**

Покрај планирањето на приходите во буџетот, друг битен сегмент е и планирањето и структурата на расходите. Структурата на расходите покрај законски утврдените надлежности на општината произлегува и е зависна и од структурата и висината на планираните и остварени приходи. Според економската класификација, јавните расходи може да ги поделиме на тековни расходи, капитални расходи и други расходи. Врз база на оваа класификација и поделба се изработува и буџетот на локалните самоуправи, а врз основниот принцип на буџетска рамнотежа помеѓу приходите и расходите. Тековните расходи опфаќаат расходи за исплата на плати и надоместоци на вработените во администрацијата, набавка на разни стоки и услуги, расходи за режиски трошоци неопходни за функционирање на локалната самоуправа и нејзините органи, трошоци за социјални бенефиции, субвенции и трансфери и секако тука влегуваат и резервите и недефинираните расходи. Во капиталните расходи влегуваат сите оние инвестиции, кои имаат своја улога во развојот на општеството и се однесуваат на инфраструктурни вложувања. Тие расходи ги опфаќаат трошоците за набавка на опрема, набавка или изградба на градежни објекти, вложувања во нефинансиски средства за истражување и развој и слично, вложувања кои придонесуваат и водат кон подобра иднина на граѓаните. Токму поради ваквите карактеристики на овие расходи, по дефиниција, сите локални власти како и централните настојуваат овие расходи да бидат доминантни при планирањето на буџетите, но за жал овие расходи се распределуваат во буџетот, откако ќе бидат распределени тековните расходи неопходни за функционирање на локалната самоуправа.

Структурата на расходите во најголема мерка кај локалните самоуправи е зависна од овластувањата кои ги имаат локалните самоуправи и јавните услуги кои ги обезбедуваат, а најчесто тие се во областа на комуналната сфера, уличното осветлување, изградба и реконструкција на локалната инфраструктура и сл. Структурата на расходите се менува со влегувањето на општините во втората фаза од процесот на децентрализација и добивањето на овластувања во образованието, здравството и социјалната помош. Структурата на расходите во голема мерка е зависна од структурата и висината на планираните и остварени приходи и е во тесна врска со истите. Остварувањето, висината, како и динамиката на

вкупните приходи е значајно од аспект на отварање на можности за реализација на утврдените програми за работа имплементирани во буџетот на општината како и задоволување на потребите на граѓаните за решавање на нивните инфраструктурни, комунални, културни и други потреби. Остварувањето по програми е дадено во табелата подолу во која е прикажан видот на програмата, планираните средства за остварување на програмата, реализацијата пооделно по програми заклучно со третиот квартал како и процентот на остварување. Распределбата на вкупно остварените приходи (буџетски средства) распределени по трошок по програми прикажани се во следната табела:

| | *Програм* | *Планирано* | *Остварено* | *%* |
|---|---|---|---|---|
| Ао | Совет на општина | 22,520,000 | 14,809,244 | 65.76 |
| До | Градоначалник | 3,892,500 | 1,741,568 | 44.74 |
| Ео | Општинска администрација | 139,737,978 | 86,108,697 | 61.62 |
| Ф1 | Урбанистичк планирање | 4,000,000 | 2,255,929 | 56.40 |
| ФА | Уредување на градежно земјиште | 145,000,000 | 42,883,309 | 29.57 |
| Г1 | Подршка на ЛЕР | 5,000,000 | 257,854 | 5.16 |
| Г2 | Потт. на развојот на туризмот | 18,790,000 | 8,462,963 | 45.04 |
| ГД | Проекти за енергетска ефикасност | 500,000 | 0 | / |
| Ј3 | Јавно осветлување | 42,000,000 | 38,565,882 | 91.82 |
| Ј4 | Јавна чистота | 11,000,000 | 6,945,057 | 63.14 |
| Ј6 | Оддржување и зашт.на пат.и улици | 3,000,000 | 349,142 | 11.64 |
| Ј7 | Оддрж. и корист. на парк. и зеленило | 8,500,000 | 2,000,000 | 23.53 |
| Ј8 | Други комунални услуги | 4,100,000 | 2,738,464 | 66.79 |
| ЈД | Изгр.и реконс.на патишта и улици | 63,012,539 | 62,680,139 | 99.47 |
| ЈФ | Изград.на сообр. сигнализација | 4,300,000 | 2,688,456 | 62.52 |
| ЈГ | Изград.на системи за водоснабдув. | 11,400,000 | 7,329,602 | 64.29 |
| ЈИ | Сист. за одвед.и преч.отпад.води | 11,500,000 | 6,362,682 | 55.33 |
| К4 | Култ.манифестации и творештво | 10,515,000 | 2,139,634 | 20.35 |
| Ло | Спорт и рекреација | 22,000,000 | 11,695,936 | 53.16 |
| Н1 | Основно образование | 29,450,000 | 17,869,490 | 60.68 |
| Н2 | Средно образование | 6,580,000 | 5,337,470 | 81.12 |
| Р1 | Заштита на животна средина | 1,200,000 | 90,117 | 7.51 |
| В1 | Детски градинки | 4,900,000 | 2,500,568 | 51.03 |
| Њо | Противпожарна заштита | 16,886,000 | 10,296,422 | 60.98 |
| | ***Вкупно*** | ***589,784,017*** | ***336,108,625*** | ***56.99*** |

Податоците во табелата укажуваат на разноликост во процентите на извршување и реализација по пооделни програми, што во голема мерка зависи и од активностите и проектите кои се спроведуваат на терен. Она што повеќе пати сме го потенцирале во овој дел е тоа дека во овој сегмент потребно е разграничување помеѓу финансискиот дел, извршувањето на буџетот за наведениот период и активностите кои се извршуваат во истиот

период, сето тоа поради фактот што активностите и проектите кои се реализираат во тековниот квартал по дефиниција предизвикуваат финансиски импликации во некој друг период односно квартал, кога се комплетира финансиската документација и се врши сметководствен третман на истата. Имајќи го во предвид претходно кажаното сепак податоците дадени во претходната табела се реален одраз на она што е сметководствено процесирано и реализирано во наведениот период односно квартал.

**Број 08-16043/21-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2016 - 2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на измените и дополнувањата на развојната програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2016 - 2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

**Број 09-16043/22** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2016 - 2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВААТ** измените и дополнувањата на Развојната Програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2016 - 2018 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16043/22** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

**ИЗМЕНИ НА ПРОГРАМА ЗА 2016 ГОДИНА**

**Г2 РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2016 -2018 ГОДИНА**

# Вовед

Имајќи ги во предвид историското и културното наследство, еколошки чистите предели, природната гордост – Охридското езеро, на развојот на туризмот, како особено важна дејност, се посветува особено внимание. Креирањето на активности, мерки и политики за најдобро искористување на потенцијалите и континуиран развој на туризмот налага изработка на програма која во целост ги опфаќа формите и облиците за одржлив развој.

Програмата за поттикнување на туризмот се однесува на луѓето од локалната заедница кои преку меѓусебна соработка допринесуваат за организиран пристап на туристичкиот пазар.

Институционалните мерки и конкретни проекти несомнено ќе ја одразат посветеноста и ангажираноста на стручниот кадар во насока на подобрување на квалитетот на туризмот и пораст на локалниот економски бенефит на учесниците во туристичкиот сектор.

Непосредното учество на релевантните фактори од сферата на туризмот , во процесот на планирање на програмата, претставува основа за создавањето на изворната слика за местото, имиџот и комплетниот туристички производ кој треба да се понуди на туристичкиот пазар. Преку заеднички напори кои овозможуваат создавање на заедничка визија ќе се идентификува широк спектар на активности и ќе иницираат создавање на здрава основа врз која ќе се планираат понатамошните активности а сето тоа ќе допринесе за мултиплицирање на бројот на гости и задоволни посетители.

Согласно **Развојната Програма за поттикнување на развојот на туризмот**, вклучени се програмите за работа и буџетското планирање на средствата предвидени како приход од Таксата за Привремен престој, при што Секторот за Туризам и Локален Економски Развој, за буџетската 2015, 2016, 2017 и 2018 година ја предвидува програмата поврзана со буџетската ставка **Г2: Поттикнување на развојот на туризмот.**

**ОПФАТЕН ПЕРИОД ВО ПРОГРАМАТА:**

Во развојната програма опфатен е четиригодишен период со цел да бидат опфатени активности кои по својот карактер не можат да се реализираат на годишно ниво.

Имено согласно донесената Одлука на Совет на Општина Охрид, финансирањето на одредена поддршка кон авио превозници се финансира во период од 4 (четири) години во кои се распоредени средства во износ од **6.100.000,00 ден. за 2015, 12.200.000,00 за 2016, 12.200.000,00 ден. за 2017 и 6.100.000,00 ден. за 2018 год** или вкупно **36.600.000,00 ден.** за сите години.

Со предвидените измени во програмата, од вкупниот износ на средствата, предвидени за 2016-2018 во износ од **37.990.000,00 ден.,** развојната програма за потикнување на развој на туризмот на Општина Охрид за буџетската 2016 година ќе се реализира со **11.690,000,00 денари**. Остатокот **од 26.300.000,00 денари** по својата поблиска намена ќе бидат дефинирани со буџетот за 2017 и 2018 година.

**Извори на финансирање на програмата за 2016 г.**

Со предвидените измени, за реализација на Програмата за 2016 во износ од **11.690.000,00 ден**. ќе бидат обезбедени средства од приходи предвидени на износ од **18.050.000,00 денари**:

| | |
|---|---|
| Средствата предвидени како приход од Таксата за Привремен престој | 16.500.000,00 ден. |
| Приходи од донации | 1.550.000,00 ден. |
| **Вкупно приходи за 2016** | **18.050.000,00 ден.** |

**Со предлог измените на развојната програма бараме измена во вкупната сума која треба да биде:**

| Одобрен буџет 2016-18 | Предлог измени 2016-18 | Одобрен буџет 2016 | Предлог измени 2016 |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| **46.640.000,00 МКД** | **37.990.000,00 МКД** | **20.340.000,00 МКД** | **11.690.000,00** |

Измените кои се бараат се однесуваат само за тековната 2016 година, и тоа по својата поблиска намена поставена по програмски активности ќе изгледа на следниов начин:

**I.ПРЕДЛОГ ИЗМЕНИ ЗА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2016 ГОДИНА**

Општина Охрид преку Секторот ТЛЕР и Одделението за туризам, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на поттикнување на развојот на туризмот за 2016 година, ја базира **“Г2 Програмата за поттикнување на развојот на туризмот за 2016 година“** која ке се реализира преку следните активности**:**

**1.УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ**

**1.1. Изработка на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид - активни мерки за подобрување на конкурентноста и услугите во туристичко – угостителскиот сектор**

Со овие активности се предвидени повеќе мерки чија што цел е подигнување на нивото во туристичкиот сектор и одредување на насоките на идниот развој на Охрид како главен туристички центар во регионот. Активностите ќе бидат реализирани во рамки на ИМЕ Програмата имплементирана од Swiss Contact и општина Охрид како главен координатор на активностите. Во рамки на програмата предвидено е да се реализираат следните активности:

- Изработка на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид чија што крајна цел е искористување на ресурсите на охридскиот регион како туристичка дестинација по пат на меѓусебна соработка во процесот на развој на дестинацијата.
- Активна соработка и формирање на локално координативно тело за координација на активностите за изработка на дестинациски менаџмент на туристичката дестинација Охрид во партнерство помеѓу јавниот и приватниот сектор.
- Изработка на план за безбедност на туристичката дестинација.
- Периодични истражувања и анализи за квалитетот на туриситчката дестинација.
- Анализа на приоритетните стратешки целни групи на туристи за Охрид како туриситчка дестинација.
- Техничка помош, екпертиза и трансфер на знаења на туристичките стејхолдери.

Се очекува со реализацијата на овие активности да се подигне квалитетот на услугите во туристичко-угостителскиот сектор. Средствата на поголемиот дел од планираните активности се обезбедени од ИМЕ Програмата.

**Превиден Буџет ______ 30.000,00 ден**
**Предлог измени ______ 0,00 ден**

**1.2. Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид**

Локалната самоуправа согласно надлежностите и законските обврски, преку Секторот за ТЛЕР – Одд. за туризам во 2016 ќе продолжи со активностите за управување со туристичките дејности од мал обем во кои влегуваат:

- Евиденција, регистрација, категоризација како и продолжување на решенијата за категоризација на сместувачки капацитети од мал обем.
- Евиденција и регистрација на даватели на услуги во селски, етно и еколошки туризам,
- Евиденција и регистрација на даватели на услуги за туристичка дејност – вршење на услужни дејности, изнајмување на пловила за забава (сандолини), даска за едрење и слично..),

- Евиденција и регистрација на даватели на услуги за туристички услужни дејности поврзани со водениот превоз кои се реализираат со пловен објект со јачина на мотор кој не надминува 10 коњски сили и кој вклучува превоз на максимум 12 лица.

**Превиден Буџет 0,00 ден**

### 1.3. Субвенционирање на приватни станоиздавачи од мал обем

Согласно законската регулатива, регистрираните и категоризирани станоиздавачи од мал обем кои редовно ги подмируваат обврските за плаќање туристичка такса ќе бидат субвенционирани на полугодишна основа, односно по евидентирање на уплатената туристичка такса од страна на приватниот станоиздавач, во период од 6 месеци. На овој начин, приватните станоиздавачи би биле стимулирани за редовно и навремено плаќање на туристичката такса, со што се очекува зголемување на уплатата, од една страна, како и добивање на пореален приказ за бројот на остварени ноќевања од друга страна. Дополнителните анализи ќе ја утврдат висината на субвенцијата, како и останатите критериуми кои ќе треба да се исполнат за да може да се добијат субвенциите.

**Превиден Буџет 400.000,00 ден**
**Предлог измени 718.885,00 ден**

### 1.4. Субвенционирање на авио превозници

Во насока на поттикнување на туризмот и локалниот економски развој е воведувањето субвенционирани авио линии, односно со доделување финансиска поддршка се создаваат дополнителни можности за посета на странски туристи на градот по подостапни цени. Користењето на воздушниот сообраќај со директен трансфер до Аеродромот Св. Апостол Павле –Охрид, покажува позитивен тренд на пораст на посетителите со што директно ќе се влијае на зголемување на приходите кои се остваруваат во туристичкиот сектор. Исплатата на средства за оваа намена предвидено е во 2016, 2017 и 2018 година и истите ќе бидат вклопени во буџетите за 2016, 2017 и 2018 година.

**Превиден Буџет 12.200.000,00 ден**
**Предлог измени 6.190.204.00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 1: 12.630.000,00 ден**
**Предлог измени за 1: 6.909.089.00 ден**

## 2. ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА

### 2.1 Туристичка промоција на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми.

Оваа активност ќе биде реализирана преку соработка со релевантни печатени и електронски медиуми од областа на туризмот со цел промоција на туристичката понуда и потенцијалите на Охрид. Активноста ќе се реализира преку објавување на статии, репортажи и реклами за Охрид со цел приближување на туристичкиот потенцијал на Охрид до граѓаните во земјите каде се печатат и дистрибуираат овие магазини.

**Превиден Буџет 60.000,00 ден**
**Предлог измени 20.000,00 ден**

### 2.2. Организација на промо-тура „Охрид 2016“.

Промотивните тури кои беа реализирани во 2014 и 2015 година се покажаа како ефективен и финансиски оправдан облик на непосредна промоција на Охрид како туристичка дестинација, а од друга страна со посетата на туристичките субјекти се остварува директен облик на деловна соработка помеѓу локалните туристички работници со туристичките чинители кои учествуваат во промотивната тура. Промотивната тура предвидува деловен престој на 20-25 претставници на туристички организации (агенции, туроператори, авиопревозници) и медиуми од таргетирани странски земји, кои престојуваат во Охрид 3-4 дена, при што се запознаваат со туристичкиот потенцијал на градот и околината и остваруваат повеќе деловни средби со претставници на туристичкиот сектор од Охрид. Целта е да се дефинираат и креираат нови пакет аранжмани за Охрид и воедно да се направат поголем број на промотивни репортажи за градот и околината.

**Превиден Буџет 120.000,00 ден**
**Предлог измени 34.000,00 ден**

**2.3. Меѓународна промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид**

Оваа активност опфаќа промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид во таргетирани странски земји кои по извршени анализи се покажале како потенцијални туристичко-емитивни подрачја. Директните промоции кои ќе се организираат преку оваа активност,а е предвидено да се реализираат во соработка со Амбасадите на РМ однапред селектирани земји предвидуваат настан на кој ќе биде извршена видео презентација на туристичкиот потенцијал на Охрид, презентација на охридската гастрономија, како и организирање на непосредни средби на туристички работници од Охрид со туристички работници од земјата домаќин со цел отворање на можности за склучување на директни договори за креирање на пакет аранжмани. Оваа активност ќе се реализира во соработка со Националната Агенција за поддршка и промоција на туризмот, хотелските асоцијации, туристичките агенции и туроператори.

Воедно, во оваа активност предвидени се директни или индиректни претставувања на Охрид на туристичките берзи и самеми и други промотивни настани во странски земји.

**Превиден Буџет 500.000,00 ден**
**Предлог измени 546.911,00 ден**

**2.4. Организација на манифестации и поддршка на различни активности и настани поврзани со промоција на туристичките производи**

Активна и непосредна презентација на целокупната понуда во сегментот на алтернативните форми на туризмот како стопанска гранка која што најнепосредно носи економски бенефит на најширок круг на семејства и граѓани на општината е целта на оваа програмска активност. Во рамки на оваа програмска активност ќе се реализираат повеќе видови на манифестации, меѓу кои:

- Традиционална туристичко - промотивна манифестација **“Охридска софра 2016”**, која има за цел да го промовира руралниот туризам и традиционалните јадења од охридскиот регион.
- **Фестивалот “Вино и сирење 2016”.** Овој фестивал ги има сите предуслови на своевиден мини саем на кој се презентираат виното и сирењето како дел од традиционалната македонска гастрономија, а заради неговата корисност се очекува да прерасне во значаен туристички настан во Охрид, права можност за презентација на новите техники на маркетинг и продажба, поттикнување на партнерски врски и воведување дополнителни стимулативни мерки.
- **“Денови на мед”.** На оваа манифестација предвидено е да се промовираат медот и производите од мед, а истата ќе биде одлична можност за охриѓани и гостите во Охрид да вкусат квалитетен мед и производи од мед.
- **Ohrid craft expo.** Целта на манифестацијата „Ohrid craft expo“ е да го промовира занаетчиството и занаетчиите, односно нивните производи и услуги, да го доближи занаетчиството до младите луѓе, до граѓаните и до институциите, да поттикне континуирана кампања за промоција на занаетчиството како фактор за економски развој, за зачувување на традицијата и културата на нашата земја, како и можност за подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните кои се занимаваат со занаетчиска дејност.

- **Избор на сувенир на град Охрид.** Препознатливоста на туристичката дестинација е клучна за идентификување на туристичката понуда. Создавањето на уникатна слика за понудата и урбаниот имиџ кој ќе соодветствува со побарувачката и ќе ги мотивира и потсети туристите повторно да se вратат на рекреацијата и задоволството, а потенцијалните гости да добијат претстава за одредено место. Креативноста, умешноста, знаењето, идејата, богатата традиција, историја, умеење и самоидентификување ќе бидат предности во изборот на сувенир на град Охрид. Збогатувањето на културната понуда, предизвикот кон уметноста и актуелноста на настанот ќе бидат додадени во делот на афирмирањето на културниот туризам во општина Охрид.

**Превиден Буџет** **530.000,00 ден**
**Предлог измени** **180.000,00 ден**

## 2.5. Организација на "БЕЛО ЛЕТО 2016"

Со традиционалната манифестација "БЕЛО ЛЕТО 2016" симболично се означува почетокот на летната туристичка сезона во Охрид. Оваа манифестација вклучува повеќе активности од културно уметнички карактер, но и настани на кои ќе се промовира туристичката понуда на Охрид.

**Превиден Буџет** **400.000,00 ден**
**Предлог измени** **300.000,00 ден**

## 2.6. Изготвување на печатен и електронски промотивен материјал за Охрид

Оваа активност вклучува изготвување на печатен и електронски промотивен материјал за одделни сегменти на туристичката понуда на Охрид. Во рамки на истата предвидено е изработка на нов и репринт на постоечкиот промотивен материјал, како и изработка на нов промотивен видео материјал за Охрид кој Секторот за туризам и локален економски развој го користи како за промоција на настани организирани од страна на Општината, така и за промотивни активности, репрезентативни настани, манифестации од страна на другите чинители, а кои имаат промотивен карактер.

**Превиден Буџет** **3.400.000,00 ден**
**Предлог измени** **1.000.000,00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 2:** **5.010.000.00 ден**
**Предлог измени за 2:** **2.080.911.00 ден**

## 3.РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

## 3.1. Туристички информативни центри

Со оваа активност е предвидена поставување на туристичко - информативен центар во центарот на Охрид.

Поставувањето на овој објект е во склоп на проектот WATERNET, одобрен и финансиран од ИПА програмата 2007-2013 за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Грција.

Добивањето информации поврзани со туристичката понуда на градот е од круцијално значење за привлекување туристи. Секој добро информиран гостин ќе може да ужива во предностите и благодетите кои ги нуди градот. Резервации за сместување, телефонска линија за пријавување неправилности од областа за туризмот, календар на настани и други услуги кои произлегуваат во текот на работењето ќе бидат дел од туристичките информативни центри.

**Превиден Буџет** **550.000,00 ден**

## 3.2. Обележување (сигнализација) на туристичките места

Со цел континуирано подигање на квалитетот на туристичко-рекреативната инфраструктура, ќе бидат поставени 900 – 1000 гумени столбчиња за обележување на велосипедски патеки на улиците Димитар Влахов и Македонски Просветители. Опремата ќе биде обезбедена преку донација од општината Сафранболу, Република Турција во износ од околу 360.000,00 МКД.

**Превиден Буџет 0,00 ден**

**3.3. Поставување на јавни тоалети**

Основата на модерниот туризам налага и сериозен пристап кон изнаоѓање трајни решенија за санитациониот систем во едно туристичко место. Во процесот на планирање за развој на туризмот во Програмата за туризам за 2016 година, предвидени се конкретни активности за решавање на санитарните проблеми во градот.

На претходно одредена локација во градот ќе биде поставен јавен тоалет со самочистечки механизам, односно одржувањето на тоалетот од страна на човечкиот фактор ќе биде минимално, со оглед на тоа дека самиот ќе се прочистува.

Оваа активност е дел од приоритетните проекти финансирани од Центарот за Развој на ЈЗПР со висина од 3.100.000,00 МКД, со учество на Општина Охрид од 10% од вкупната сума, односно 310.000,00 МКД

**Превиден Буџет 310.000,00 ден**

### 3.4. Презентација на сместувачките капацитети / развој на информативен систем

Со оваа активност е предвидено:

- Ажурирање и одржување на веб страна www.ohrid.com.mk,
- Поставување и одржување на инфо пултови,

**Превиден Буџет 10.000,00 ден**

### 3.5. Финансирање на локални микропроекти со цел потикнување на развојот на туризмот

Целта на оваа активност е поттикнување на развојот на туризмот, развој на нови туристички производи и нивна промоција со финансиска поддршка на Општина Охрид во вид на мали грантови. Активноста ќе се реализира преку објавување на јавен повик за финансирање на микропроекти со право на учество на НВО-и, Месни и Урбани Заедници.

**Превиден Буџет 500.000,00ден**
**Предлог измени 300.000,00 ден**

| | |
|---|---|
| **Вкупно планиран буџет за 3:** | **1.370.000.00 ден** |
| **Предлог измени за 3:** | **1.170.000.00 ден** |

## 4. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

### 4.1. Подготовка на проекти и проектно управување

Успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во одделението за туризам е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејки се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во одделението за туризам.

Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови (ИПА), цела една компонента е посветена токму на овој процес на континуирано стекнување на нови знаења и приближување кон европските стандарди.

Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирано е да се оствари преку:

- Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции,
- Превод на стручна литература,
- Консултантски услуги за специфични проектни активности,
- Воспоставување на партнерства неопходни во проектните апликации,

**Превиден Буџет 30.000,00 ден**

## 4.2. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти

Врз основа член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), а во врска со член 7, член 9 став 2 , член 26 став 1 точка 6 и член 30 од Законот за експропријација („Службен весник на РМ”бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА НЕДВИЖНОСТ ЗА ИЗГРАДБА НА КАТНА ГАРАЖА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за обезбедување надоместок за потполна експропријација на градежна парцела ГП.1.31 на КП.бр.14761/2 и КП.бр.14761/8 во вкупна површина утврдена согласно податоците од Геодетскиот елаборат за геодетски работи за

посебни намени – нумерички податоци за експропријација на земјиште бр.08-204/6 од 02.06.2016 година, изработен од ДПТУ„ГЕО НОВА 2014“ ДОО Охрид, заради реализација на јавен интерес од локално значење-градење на катна гаража, предвидена согласно Извод од ДУП за УЗ 1 – дел од УБ 1.3 опфат 1, донесен со Одлука на Советот на општина Охрид бр.07-1639/25 од 25.06.2009 година.

**Член 2**

Надоместокот за експропријација на недвижностите опишани во член 1 од оваа Одлука, ќе се обезбедува по пат на размена со соодветна недвижност.

**Член 3**

При потпишување на спогодбата пред органот на државната управа надлежен за имотно-правни работи (органот за експропријација) ќе биде вклучено и Државното правобранителство за катастарските парцели и делови од катастарски парцели кои влегуваат во трасата предмет на експропријација на кои како носител на правото на сопственост се јавува Република Македонија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16043/41** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Претседател**
**Охрид** **Гордана Коњаноска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2017 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на годишниот план за вработување во општина Охрид за 2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

**Број 09-16043/42** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), а во врска член 32 од Законот за административни службеници (Сл.весник на РМ бр 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016), член 20-а и

член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“ бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016) и Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2017 ГОДИНА**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во општина Охрид за 2017 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16043/42** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Претседател**
**Охрид** **Гордана Коњаноска,с.р.**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| БР. И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ.: | |

| | |
|---|---|
| ИНСТИТУЦИЈА: | ОПШТИНА ОХРИД |
| ЗА ГОДИНА: | 2017 |
| ЕМБС НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 6020879 |
| ЕДБ НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 4020004141968 |
| ДАТУМ НА ПОДГОТОВКА: | 27.10.2016 ГОДИНА |

| | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| Подготвил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | Ранко Крстески, Петар Стојчески | ______________________ |
| Одобрил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | д-р Димитар Спасески | ______________________ |
| **РАКОВОДНО ЛИЦЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА:**<br>(го потпишува на датумот на подготовка и на датумот на донесување) | д-р Никола Бакрачески | ______________________<br>____________________ |

# ДЕЛ 1. СОСТОЈБА ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА

***Табела 1.*** Планирана бројна состојба на крајот на тековната година

| | Опис | ВКУПНО | Македонци | Албанци | Турци | Срби | Власи | Роми | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **а** | Моментално вработени во институцијата (на датумот на пополнување на годишниот план) | 258 | 247 | 3 | 5 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| **б** | Планирани пензионирања и најавени заминувања во тековната година (заклучно со 31 декември тековната година) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **в** | Планирани нови вработувања во тековната година (заклучно со 31 декември тековната година) | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **г** | **Планирана бројна состојба на 31 декември тековната година (г = а - б + в)** | 260 | 248 | 3 | 5 | 1 | 2 | 0 | 0 | 1 |

# ДЕЛ 2. ПЛАНИРАНИ ДВИЖЕЊА НА КАДАРОТ ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 2.*** Планирано пополнување на работни места преку унапредување и/или распоредување во следната година

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Дали планирате пополнување на работни места преку унапредување и/или распоредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | | | ДА | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на работни места кои планирате да ги пополните преку унапредување и/или распоредување во рамките на институцијата: *(наведете број)* | | | | | | |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните преку интерен оглас и/или решение за распоредување: *(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици...)* | | | | | | |
| р. бр | на работно место (шифра и назив) | во орг. един. | во рамки на орг. един. | во рамки на орг. един. | кратко образложение | |
| 1 | | | | | | |
| 2 | | | | | | |
| 3 | | | | | | |
| 4 | | | | | | |
| 5 | | | | | | |
| 6 | | | | | | |
| 7 | | | | | | |
| 8 | | | | | | |
| 9 | | | | | | |
| 10 | | | | | | |

***Табела 3.*** Планирано испразнување на работни места преку објавување на трансфер листа во следната година

| Дали планирате испразнување на работни места преку објавување на трансфер листа, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | | | | | | ДА | НЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на работни места кои планирате да ги испразните преку објавување на трансфер листа за преземање во други институции: *(наведете број)* | | | | | | | | | |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги испразните преку објавување на трансфер листа и одберете една од наведените причини: *(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици...)* | | | | | | | | | |
| р. бр | работно место (шифра и назив) | од орг. един. | во рамки на орг. един. | во рамки на орг. един. | причина 1: намалување на надлежности на институцијата | причина 2: намалување на обемот на работа | причина 3: поедноставување на постапки | причина 4: работното место се укинува (наведете датум) | причина 5: друго (наведете ја причината) |
| 1 | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | | | |

***Табела 4.*** Планирано испразнување на работни места преку пензионирања и најавени заминувања во следната година

| Дали се планирани пензионирања и/или најавени заминувања на вработени од вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | | | | | ДА | НЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на вработени кои ќе се пензионираат или ќе заминат: *(наведете број)* | | | | | | | | |
| Наведете ги работните места кои ќе се испразнат, одберете една од наведените причини: *(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици...)* | | | | | | | | |
| р. бр | работно место (шифра и назив) | во орг. един. | во рамки на орг. един. | во рамки на орг. един. | причина 1: пензионирање (наведете датум на престанок на работниот однос) | причина 2: најавено заминување (наведете датум на престанок на работниот однос) | причина 3: друго (наведете ја причината и датум на престанок на работниот однос) | |
| 1 | УПР 0101В02000 Правни работи, архивско и канцелариско работење | Одделение за правни работи | Сектор за правни работи | | 06.08.2017 | | | |
| 2 | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | |

| 10 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

***Табела 5.*** Планирани пензионирања по припадност на заедница

| | **Опис** | **ВКУПНО** | **Македонци** | **Албанци** | **Турци** | **Срби** | **Власи** | **Роми** | **Бошњаци** | **Други** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **а** | **Планирани пензионирања во следната година** **(заклучно со 31 декември следната година)** | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |

# ДЕЛ 3. ПЛАНИРАНИ НОВИ ВРАБОТУВАЊА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 6.*** Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања во следната година

| Дали имате потреба од нови вработувања во вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | | | | | | ДА | НЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на нови вработувања за кои имате потреба: *(наведете број)* | | | | | | | | | |
| Наведете ги работните места на кои планирате нови вработувања и одберете една од наведените причини *(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици. Потоа внесете колку месеци во следната година се планира да работи новиот вработен и колкав буџет е потребен за плата на новиот вработен во следната година)* | | | | | | | | | |
| р. бр | работно место (шифра и назив) | во орг. единица | во рамки на орг. единица | во рамк и на орг. един ица | причина 1: зголемување на надлежностите на институцијата или обемот на работа на орг. единица | причина 2: пензиони рање или најавено заминува ње | причина 3: друго (наведете ја причината ) | Колку месеци во следната година се планира да му се исплаќа плата на новиот вработен? (наведете број) | Колкав буџет ќе биде потребен за плата на новиот вработен во следната година? (наведете во денари) |
| 1 | УПР 0101Б02000 Раководител на сектор за финансиски прашања | Сектор за финансиски прашања | | | Зголемен обем на работа | | | 12 | 641.433,00 денари |
| 2 | УПР 0101В01000 Внатрешен ревизор | Одделение за внатрешна ревизија | | | Зголемен обем на работа | | | 12 | 443.289,00 денари |
| 3 | УПР 0101В02000 Планирање и донесување урбанистички планови | Одделение за просторно планирање, урбанистичко планирање, управување со | Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште | | Зголемен обем на работа | | | 12 | 411.033,00 денари |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | градежно земјиште и недвижен имот на општината | | | | | | | |
| 4 | УПР 0101В03000 Следење и донесување урбанистички планови | Одделение за просторно планирање, урбанистичко планирање, управување со градежно земјиште и недвижен имот на општината | Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште | | Зголемен обем на работа | | | 12 | 397.209,00 денари |
| 5 | УПР 0101В03000 Заштита на природните ресурси | Одделение за заштита и влијание врз животна средина | Сектор за заштита на животната средина и управување со отпад | | Зголемен обем на работа | | | 12 | 397.209,00 денари |
| 6 | УПР 0101В04000 Улична мрежа | Одделение за сообраќај и улици | Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици | | Зголемен обем на работа | | | 12 | 369.561,00 денари |
| 7 | УПР 0101Г01000 Комунален редар | Одделение за инспекциски надзор - Инспекторат | | | Зголемен обем на работа | | | 12 | 272.793,00 денари |
| 8 | УПР 0101В03000 Соработка со здруженија на граѓани и фондации | Одделение за млади и невладини организаци | Сектор за спорт, млади и невладини организаци и | | Зголемен обем на работа | | | 12 | 397.209,00 денари |
| 9 | УПР 0101Б02000 Раководител на сектор за образование, детска, здравствена и социјална заштита | Сектор за образование, детска, здравствена и социјална заштита | | | Зголемен обем на работа | | | 12 | 641.433,00 денари |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | УПР 0101Б03000 Помошник Раководител на Сектор за образование, детска, здравствена и социјална заштита | Сектор за образование, детска, здравствена и социјална | | | Зголемен обем на работа | | | 12 | 558.489,00 Денари |
| 11 | УПР 0101Б02000 Раководител на сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште | Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште | | | Зголемен обем на работа | | | 12 | 641.433,00 денари |
| 12 | УПР 0101В04000 Мониторинг, воспоставување и одржување на катастар на животна средина | Одделение за заштита и влијание врз животна средина | Сектор за заштита на животна средина и управување со отпад | | Зголемен обем на работа | | | 12 | 369.561,00 денари |
| 13 | УПР 0101В04000 Геодетско обележување | Одделение за спроведување на урбанистички планови | Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште | | Зголемен обем на работа | | | 12 | 369.561,00 денари |
| 14 | УПР 0101Б04000 Раководител на одделение за сообраќај и улици | Одделение за сообраќај и улици | Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици | | Зголемен обем на работа | | | 12 | 503.193,00 денари |

***Табела 7.*** Број на работни места кои се планира да се пополнат преку нови вработувања во следната година

| | **Опис** | **ВКУП НО** |
|---|---|---|
| **а** | **Планирани нови вработувања во следната година** **(заклучно со 31 декември следната година)** | 14 |

***Табела 8.*** Податоци кои се внесуваат во онлајн калкулаторот “Балансер”, поставен на веб локацијата http://balancer.mioa.gov.mk

| | Опис | ВКУПНО | Македонци | Албанци | Турци | Срби | Власи | Роми | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **а** | **Стартна позиција за годината на која се однесува планот** (се внесуваат податоците од Табела 1, ред г, бројна состојба на 31 декември во тековната година) | 260 | 248 | 3 | 5 | 1 | 2 | 0 | 0 | 1 |
| **б** | **Пензионирања во годината на која се однесува планот** (се внесуваат податоците од Табела 5, ред а, пензионирања заклучно со 31 декември следната година) | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **в** | **Планирани нови вработувања во годината на која се однесува планот** (се внесува податокот од Табела 7, ред а) | 14 | | | | | | | | |

**Пристапете на онлајн калкулаторот кој се наоѓа на веб локацијата http://balancer.mioa.gov.mk/, внесете ги податоците од оваа табела и тука приложете го испечатениот документ од калкулаторот**

**Број 08-16043/42-1**
**04.11.2016 год.**
**Охрид**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњаноска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА (ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА – ЗАБАВА НА ОТВОРЕНО, ПОКРИЕНИ И НЕПОКРИЕНИ ШАНКОВИ) И ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за поставување урбана опрема (детски игралишта – забава на отворено, покриени и непокриени шанкови) и времени објекти на подрачјето на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

**Број 09-16043/43** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), член 38 и 39 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016), а во врска со Програмата за поставување на урбана опрема во општина Охрид и Програмата за поставување времени објекти во општина Охрид, Советот на Општина Охрид на седница одржана на ден 04.11.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА (ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА - ЗАБАВА НА ОТВОРЕНО, ПОКРИЕНИ И НЕПОКРИЕНИ ШАНКОВИ) И ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува: начинот за добивање право за поставување на урбана опрема (детски игралишта - забава на отворено, покриени и непокриени шанкови) и времени објекти на подрачјето на општина Охрид, временскиот период за нивно поставување и висината на надоместокот за поставување на урбаната опрема (детски игралишта - забава на отворено, покриени и непокриени шанкови) и времените објекти.

**Член 2**

Бројот, видот, големината на урбана опрема (детски игралишта-забава на отворено, покриени и непокриени шанкови), како и локациите на кои може да се постави истата се утврдени согласно Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Охрид.

Локациите, намената и површините на времените објекти се утврдени согласно Програмата за поставување на времени објекти во општина Охрид.

**Член 3**

Временскиот период за поставување на урбаната опрема (детски игралишта-забава на отворено, покриени и непокриени шанкови) и времените објекти на подрачјето на општина Охрид утврдени во член 2 од оваа Одлука се определува за период од 5 ( пет ) години.

**Член 4**

Доделувањето на правото за поставување на урбана опрема (детски игралишта-забава на отворено, покриени и непокриени шанкови) и времени објекти на подрачјето на општина Охрид ќе се врши по пат на објавување на јавни огласи за добивање право за поставување на урбана опрема (детски игралишта-забава на отворено, покриени и непокриени шанкови) и времени објекти на подрачјето на општина Охрид.

Огласите ги распишува Градоначалникот на општина Охрид и објавува во „Службен весник на РМ“, официјалната ВЕБ страна на општина Охрид и во најмалку два дневни весници, од кои еден на албански јазик.

**Член 5**

Огласите од член 4 на оваа Одлука, особено треба да ги содржи следните податоци:

1. **Податоци за субјектот кој го распишува огласот;**
2. **Назначување на локациите за кои се врши доделувањето;**
3. **Време за кое се доделува правото за поставување на урбана опрема (детски игралишта-забава на отворено, покриени и непокриени шанкови) и времени објекти на подрачјето на општина Охрид;**
4. **Почетна цена за добивање право за поставување на урбана опрема (детски игралишта-забава на отворено, покриени и непокриени шанкови) и времени објекти на подрачјето на општина Охрид;**
5. **Висина на депозитот за право на учество на јавното електронско наддавање;**
6. **Содржина и прилози на понудите;**
7. **Рок за поднесување на понудите;**
8. **Ден, час и место на отворање на понудите.**

**Член 6**

Почетната цена за јавно електронско надавање за урбана опрема (детски игралишта-забава на отворено, покриени и непокриени шанкови) се определува согласно Одлуката број 08-17635/30 од 25.12.2015 година („Службен гласник на општина Охрид“ бр.14/15) и Одлуката број 08-10300/7 од 11.07.2016 година („Службен гласник на општина Охрид“ бр.12/16), донесени од страна на Советот на општина Охрид.

Почетната цена за јавно електронско надавање за времени објекти се определува согласно Одлуката број 08-10300/6 од 11.07.2016 година („Службен гласник на општина Охрид“ бр.12/16 ), донесена од страна на Советот на општина Охрид.

**Член 7**

Депозитот за учество на јавното наддавање изнесува 20% од почетната цена утврдена за локациите за кои понудувачот доставил понуда на годишно ниво, треба да биде изразена во денари и се уплаќа на сметката на општина Охрид.

Комисијата по зваршувањето на јавното наддавање, ќе го врати положениот депозит на оние учесници во наддавањето чии понуди не се прифатени, во рок од 15 дена од денот на завршувањето на јавното наддавање.

Доколку најповолниот понудувач се откаже од склучувањето на договорот или не ја плати годишната закупнина во рок од 15 ( петнаесет ) дена после склучувањето на Договорот, ќе му се реализира депонираниот депозит.

**Член 8**

За најповолна понуда ќе се смета понудата на лицето кое понудило највисока цана за годишната закупнина за стекнување на право за доделување на локации.

**Член 9**

Постапката на отворање на понуди ја врши комисијата што ја формира градоначалникот.

Комисијата се состои од Претседател и два члена и нивни заменици.

**Член 10**

За својата работа Комисијата изготвува извештај, со предлог за најповолен понудувач до Градоначалникот.

Градоначалникот ќе донесе решение за доделување право за поставување на урбана опрема (детски игралишта-забава на отворено, покриени и непокриени шанкови) и времени објекти на подрачјето на општина Охрид и ќе ги извести останатите учесници за резултатите од распределбата.

**Член 11**

Помеѓу општината и најповолниот понудувач се склучува договор за условите и начинот на користење и одржување на добиените локации.

Понудувачот кој ќе го добие правото на поставување на урбана опрема (детски игралишта-забава на отворено, покриени и непокриени шанкови), покрај цената која е постигната со јавното електронско наддавање, должен е на сметката на општина Охрид да уплаќа и годишна комунална такса за секоја локација каде е поставено детско игралиште-забава на отворено, покриен и непокриен шанк, во висина утврдена во Одлуката за висина на комуналните такси на општина Охрид.

**Член 12**

Урбаната опрема предмет на оваа Одлука, се поставува врз основа на добиено одобрение за поставување на урбана опрема.

Времените објекти предмет на оваа Одлука, се поставуваат врз основа на добиено одобрение за поставување на времени објекти.

**Член 13**

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во„Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16043/43** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Претседател**
**Охрид** **Гордана Коњаноска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРАВНИОТ СТАТУС НА ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ - БАРАКИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот за усвојување на Иницијативата за отпочнување постапка за решавање на правниот статус на времени објекти – бараки, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

**Број 09-16043/44** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРАВНИОТ СТАТУС НА ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ - БАРАКИ**

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА Иницијативата за отпочнување постапка за решавање на правниот статус на времени објекти – бараки.

**Член 2**

Се задолжува локалната самоуправа согласно важечката законска регулатива да отпочне постапка за решавање на правниот статус на времените објекти - бараки кои се наоѓаат во непосредна близина на ЈЗУ „Општа болница“ Охрид на ул.„Сирма Војвода”, на Кп.бр.11293/3, Кп.бр.9897/4 и Кп.бр.11317/1, сите во КО Охрид 2, во кои живеат семејства со тешка материјална и финансиска состојба.

**Член 3**

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16043/44** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Претседател**
**Охрид** **Гордана Коњаноска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

**Број 09-16043/45** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), а во врска со член 99 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр.5/15...226/15), Советот на општина Охрид, на седницата одржана на ден 04.11.2016 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија во општина Охрид, усвоена со Одлука на Советот на општина Охрид бр.08-17635/6 од 25.12.2015 година.

**Член 2**

Предмет на оваа Одлука е дополнување на програмата во точка 2 потточка 2.1 во делот градежни парцели кои се предмет на електронско јавно наддавање, се додава и:

**- Г.П 1.2.2467 на КП 16039 во КО Охрид 3**, согласно ДУП за дел од УЗ 1 Блок 1.2, Блок 1.4 и дел од Блок 3.4.

**Член 3**

Градежното земјиште опишано во член 2 ќе биде предмет на отуѓување соглсно Законот за градежно земјиште.

Составен дел на оваа Одлука е:

- Извод за Г.П 1.2.2467 на КП 16039 во КО Охрид 3 бр.20-12324/2 од 12.08.2016 година/ ДУП за УЗ 1 Блок 1.2 Блок 1.4 и дел од Блок 3.4, донесен со Одлука бр.07-6092/40 од 30.06.2014 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16043/45 СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год. Претседател**
**Охрид Гордана Коњаноска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 11 УБ 11.2 – ОПФАТ 1 - ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2012 - 2017 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување нацрт деталeн урбанистички план за УЗ 11 УБ 11.2 – опфат 1 - Охрид, општина Охрид, плански период 2012 - 2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

**Број 09-16043/46 ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год. Градоначалник**
**О х р и д Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 11, 22, 24 став 2 и член 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.60/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), член 22 став 1 точка 1, член 36 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 11 УБ 11.2 – ОПФАТ 1 - ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2012 - 2017 ГОДИНА

**Член 1**

Се утврдува Нацрт Детален урбанистички план за УЗ 11 УБ 11.2 – опфат 1 - Охрид, општина Охрид, плански период 2012 – 2017 година.

**Член 2**

Со овој Нацрт Детален урбанистички план за УЗ 11 УБ 11.2 – опфат 1 - Охрид, општина Охрид, плански период 2012 – 2017 година, се опфаќа простор со површина од 0.12 ха.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт Детален урбанистички план за УЗ 11 УБ 11.2 – опфат 1 - Охрид, општина Охрид, плански период 2012 – 2017 година, е опфат на границите:

-на северо-запад по осовина на ул.„Марко Цепенков“ т.е станбена улица „Ст 1“

-на северо-исток по осовина на ул.„Марко Цепенков“ т.е станбена улица „Ст 2“

-на југо-исток по југо-западната граница на Кп.бр.5052 т.е југо-источната граница на Кп.бр.5051 и

-на југо-запад по северо-западната граница на Кп.бр.5099 о Кп.бр.5100 т.е по југо-западната граница на Кп.бр.5051 и Кп.бр.5050/1.

**Член 3**

Нацрт Деталниот урбанистички план за УЗ 11 УБ 11.2 – опфат 1 - Охрид, општина Охрид, плански период 2012 – 2017 година, со техн.бр.25/2015 од август 2015 година, изработен од Друштво за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг „УРБАН“ Охрид содржи:

-планиран развој – текстуален дел и графички прилог;

-документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт Деталниот урбанистички план за УЗ 11 УБ 11.2 – опфат 1 - Охрид, општина Охрид, плански период 2012 – 2017 година.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со изложување на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16043/46** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Претседател**
**Охрид** **Гордана Коњаноска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 1.15 ВО УЗ 4 ДЕЛ ОД УБ 4.1 НА КП.БР.13889/3 КО ОХРИД 3, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2013 – 2018**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување нацрт детален урбанистички план за ГП 1.15 во УЗ 4 дел од УБ 4.1 на Кп.бр.13889/3 КО Охрид 3, општина Охрид, плански период 2013 – 2018, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

**Број 09-16043/47** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 11, 22, 24 став 2 и член 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.60/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), член 22 став 1 точка 1, член 36 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 1.15 ВО УЗ 4 ДЕЛ ОД УБ 4.1 НА КП.БР.13889/3 КО ОХРИД 3, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2013 - 2018**

**Член 1**

Се утврдува Нацрт Детален урбанистички план за ГП 1.15 во УЗ 4 дел од УБ 4.1 на Кп.бр.13889/3 КО Охрид 3, општина Охрид, плански период 2013 - 2018.

**Член 2**

Со овој Нацрт Детален урбанистички план за ГП 1.15 во УЗ 4 дел од УБ 4.1 на Кп.бр.13889/3 КО Охрид 3, општина Охрид, плански период 2013 - 2018, се опфаќа простор со површина од 322,45 м2.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт Детален урбанистички план за ГП 1.15 во УЗ 4 дел од УБ 4.1 на Кп.бр.13889/3 КО Охрид 3, општина Охрид, плански период 2013 - 2018, е опфат на границите:

-на север граничи со ул.„Гоце Делчев“, на исток со ул.„Бистрица“, на југ се граничи со Кп.бр.13889/1 и на запад со Кп.бр.13889/6 и Кп.бр.13889/3 КО Охрид 3.

**Член 3**

Нацрт Деталниот урбанистички план за ГП 1.15 во УЗ 4 дел од УБ 4.1 на Кп.бр.13889/3 КО Охрид 3, општина Охрид, плански период 2013 - 2018, со техн.бр.12-

РА/13 од септември 2014 година, изработен од Друштво за урбанистичко-архитектонско проектирање, изградба и посредување увоз-извоз ДООЕЛ Охрид содржи:

-планиран развој – текстуален дел и графички прилог;

-документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт Деталниот урбанистички план за ГП 1.15 во УЗ 4 дел од УБ 4.1 на Кп.бр.13889/3 КО Охрид 3, општина Охрид, плански период 2013 - 2018.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставaт забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16043/47** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Претседател**
**Охрид** **Гордана Коњаноска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 1 НА КП.БР.10426/1 ВО УЗ 10, ДЕЛ ОД УБ 10.2 КО ОХРИД 2, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2015 – 2020**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување нацрт детален урбанистички план за ГП 1 на Кп.бр.10426/1 во УЗ 10, дел од УБ 10.2 КО Охрид 2, општина Охрид, плански период 2015 – 2020, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

**Број 09-16043/48** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 11, 22, 24 став 2 и член 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.60/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), член 22 став 1 точка 1, член 36 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 1 НА КП.БР.10426/1 ВО УЗ 10, ДЕЛ ОД УБ 10.2 КО ОХРИД 2, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2015 - 2020**

**Член 1**

Се утврдува Нацрт Детален урбанистички план за ГП 1 на Кп.бр.10426/1 во УЗ 10, дел од УБ 10.2 КО Охрид 2, општина Охрид, плански период 2015 - 2020.

**Член 2**

Со овој Нацрт Детален урбанистички план за ГП 1 на Кп.бр.10426/1 во УЗ 10, дел од УБ 10.2 КО Охрид 2, општина Охрид, плански период 2015 - 2020, се опфаќа простор со површина од 0,0313 ha.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт Детален урбанистички план за ГП 1 на Кп.бр.10426/1 во УЗ 10, дел од УБ 10.2 КО Охрид 2, општина Охрид, плански период 2015 - 2020, е опфат на границите:

-на север ја тангира ул.„Марко Настороски“ т.е. сервисна улица „Се 10.1“,
-на исток се граничи со соседните Кп.бр.10396 и Кп.бр.10397,
-на југ се граничи со Кп.бр.10426/2,
-на запад се граничи со Кп.бр.10423 и Кп.бр.10399.

**Член 3**

Нацрт Деталниот урбанистички план за ГП 1 на Кп.бр.10426/1 во УЗ 10, дел од УБ 10.2 КО Охрид 2, општина Охрид, плански период 2015 - 2020, со техн.бр.01/15 од септември 2015 година, изработен од „Снегар Компани“ ДООЕЛ Охрид содржи:

-планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
-документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт Детален урбанистички план за ГП 1 на Кп.бр.10426/1 во УЗ 10, дел од УБ 10.2 КО Охрид 2, општина Охрид, плански период 2015 - 2020.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставaт забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16043/48** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Претседател**
**Охрид** **Гордана Коњаноска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 3, ДЕЛ ОД УБ 3.2 – ОПФАТ 2 ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2014 – 2019

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување нацрт детален урбанистички план за УЗ 3, дел од УБ 3.2 – опфат 2 Охрид, општина Охрид, плански период 2014 – 2019, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

**Број 09-16043/49** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 11, 22, 24 став 2 и член 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.60/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), член 22 став 1 точка 1, член 36 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.11.2016 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 3, ДЕЛ ОД УБ 3.2 – ОПФАТ 2 ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2014 - 2019

**Член 1**

Се утврдува Нацрт Детален урбанистички план за УЗ 3, дел од УБ 3.2 – опфат 2 Охрид, општина Охрид, плански период 2014 - 2019.

**Член 2**

Со овој Нацрт Детален урбанистички план за УЗ 3, дел од УБ 3.2 – опфат 2 Охрид, општина Охрид, плански период 2014 - 2019, се опфаќа простор со површина од 1,00 ha.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт Детален урбанистички план за УЗ 3, дел од УБ 3.2 – опфат 2 Охрид, општина Охрид, плански период 2014 - 2019, е опфат на границите:

-на северозапад по осовина на собирната улица „С 7“ (ул.„Бистрица“)
-на североисток по осовина на сервисната улица „1“
-на југоисток по осовина на станбената улица „2“
-на југозапад по осовина на собирната улица „С 4“ (ул.„Васил Стефовски“).

**Член 3**

Нацрт Деталниот урбанистички план за УЗ 3, дел од УБ 3.2 – опфат 2 Охрид, општина Охрид, плански период 2014 - 2019, со техн.бр.39/14 од јуни 2016 година, изработен од ДПГ„Снегар Компани“ ДООЕЛ Охрид содржи:
-планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
-документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт Детален урбанистички план за УЗ 3, дел од УБ 3.2 – опфат 2 Охрид, општина Охрид, плански период 2014 - 2019.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16043/49** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.11.2016 год.** **Претседател**
**Охрид** **Гордана Коњаноска,с.р.**